# ПРИРАЧНИК ЗА ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА

## ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА И ЈАС

Автори: Мирјана Апостолова и д-р Татјана Стојаноска Иванова

Проект: Шампиони за човекови права

Скопје, јуни 2019 година

**Издавач:** „Женска Акција“ - Асоцијација за унапредување на статусот на жената во современите општествени процеси, Скоје. wactionmk@yahoo.com; http://www.womenaction.org.mk

**За издавачот:** Драгица Милошевска

**Уредник:** Мирјана Апостолова

**Аавтори:** Мирјана Апостолова и д-р Татјана Стојаноска Иванова

**Ликовно уредување:** Лилјана Милошевска

**Графичка реализација**: Игор Јаневски

**Техничка реализација:** Лилјана Милошевска

**Лектор:** Сашо Костовски

**Истражувачи**: др. Наташа Најденова – Левиќ, др. Ана Фрицханд

**Соработници:** Проф. Д-р Борче Георгиевски, Проф. др. Јадранка Георгиевска, мр. Јована Тренчевска, докторант Емилија Апостолова Чаловска, др. Елизабета Томевска Илиевска, др. Надежда Апостолова, мр. Розетка Георгиева Милошевска, Д-р Игор Пеев, Магистрант Елена Устаминова, д-р Елизабета Жоговска Мирчевска, др. Снежана Милоковска

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

342.7(035)

АПОСТОЛОВА, Мирјана
Прирачник за човековите права човековите права и јас / автори Мирјана Апостолова, Татјана Стојаноска Иванова. - Скопје : Женска акција, 2019. - 67 стр. : илустр. ; 30 см

Публикацијата е во рамки на проектот: "Шампиони за човекови права"

ISBN 978-608-66103-7-1

1. Стојаноска Иванова, Татјана [автор]
а) Човекови права - Прирачници
COBISS.MK-ID 111892746

# Содржина


ВОВЕД ... 7

РАЗБИРАЊЕ НА ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА ... 9

ПОТЕКЛО И ВИДОВИ ЧОВЕКОВИ ПРАВА ... 11

ОПШТЕСТВЕНИТЕ ВРЕДНОСТИ КАКО БАЗА ЗА ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА И СЛОБОДИ ... 13

ГЛАВНИТЕ СТОЛБОВИ НА СИСТЕМОТ НА ЧОВЕКОВИ ПРАВА ... 17

ЧОВЕКОВИ ПРАВА И ЧОВЕКОВА БЕЗБЕДНОСТ ... 19

КОНЦЕПТ И ПРИРОДА НА ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА ... 22

СТАНДАРДИ ЗА ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА НА УНИВЕРЗАЛНО НИВО ... 25

ПРЕГЛЕД НА НАЈВАЖНИТЕ КОНВЕНЦИИ ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА НА ОН ... 27

ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА ИНСТРУМЕНТИТЕ ЗА УНИВЕРЗАЛНИТЕ ЧОВЕКОВИ ПРАВА ... 28

РЕГИОНАЛНИ СИСТЕМИ ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ И ЗАШТИТА НА ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА ... 31

ЕВРОПА ... 31

1. Системот за човекови права на Советот на Европа ... 31

2. Системот на човекови права на Организацијата за безбедност и соработка во Европа (ОБСЕ) ... 33

3. Политиките на Европската Унија во поглед на човековите права ... 34

АМЕРИКА ... 36

АФРИКА ... 36

ДРУГИ РЕГИОНИ ... 38

УНИВЕРЗАЛНА НАДЛЕЖНОСТ И ПРОБЛЕМОТ НА НЕКАЗНИВОСТ ... 39

МЕЃУНАРОДНИ КРИВИЧНИ СУДСКИ ИНСТАНЦИ ... 40

ШКОЛИТЕ ПОДДРЖУВАЧИ НА ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА ... 41

КУЛТУРА ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА ... 42

КОЈА Е МОЈАТА УЛОГА КАКО ПОЕДИНЕЦ ... 43

ХЕРОИ НА ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА ... 43

КОНВЕНЦИЈАТА НА ОБЕДИНЕТИТЕ НАЦИИ ЗА ПРАВАТА НА ДЕТЕТО ... 45

КАКО ДО ШАМПИОНИ ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА ... 49

КАКО ДА СТАНЕШ ШАМПИОН ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА ... 53

ПРИЛОЗИ ... 54

Прилог 1: Самооценка за ПОЧИТУВАЊЕ НА ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА ВО МОЕТО УЧИЛИШТЕ ... 54

Прилог 2: УНИВЕРЗАЛНА ДЕКЛАРАЦИЈА ЗА ПРАВАТА НА ЧОВЕКОТ ... 58

Прилог 3: Разбирање на човековите права - шема ... 63

# ВОВЕД

Во современото општество во коешто живееме, граѓанските и човекови права се на пиедесталот на континуирано унапредување и почитување, но истовремено се и клуч за постоење и развивање на демократијата за којашто во континуитет се залагаме. Целта на секое современо општество, општество коешто се залага за прогрес и напредок во секој општествен сегмент, е да ги развива, подобрува, но и почитува основните граѓански и човекови права и слободи. Младите (адолесцентите, средношколците) се генерално носители на новитетите, посебно кога се говори за современите вредности коишто треба да се етаблираат во нашето општество. Вредностите се директно поврзани со правата на граѓаните бидејќи токму преку вредносниот дискурс што го поседува секоја индивидуа, се настојува на пиедесталот на врвни вредности да се општествено прифатените и секако оние вредности коишто во себе, на себе својствен начин, ги вткајуваат граѓанските и човековите права. За таа цел, секој млад човек треба да ги познава, почитува и развива граѓанските права и слободи, како и вредностите коишто ја чинат сржта на правата. Истовремено, треба и да ги анализира вредностите во демократското општество, како и својата улога во истото, да ги знае и да умее да ги препознае правата на децата, како и целта и потребата од нивна примена и нивна заштита и она што е посебно значајно, да умее да препознае и соодветно да реагира доколку се случува одреден вид на дискриминација.

Во ова време-невреме во коешто денес живееме, на младиот човек мошне му е тешко да препознае и избере вистинска вредност, односно да издели во морето на первертирани вредности што е добро, што е правилно, што е современо, што е посакувано, што е за општа добробит, од една страна, а што е лошо, вредносно нелегитимно, непродуктивно и непосакувано, од друга страна. Во едно такво општествено милје во коешто владее вредносен вакуум, ерозија на постојниот вредносен систем, навистина е лотарија да се препознае *и прифати вистинската вредност, посебно онаа којашто продуцира одредени* граѓански и човекови права. Правото на избор, правото на говор, правото на слободна мисла, правото на слободно движење, се едни од суштествените човекови права коишто токму преку вредносниот систем треба да се етаблираат и да се развиваат кај младиот човек.

Семејството е примарен фактор на социјализација и детето за првпат се среќава со вредностите и со човековите права во рамките на сопственото семејство. Но, покрај семејството, она што можеби е пропуштено или треба да се продлабочи, посебно како вредност и одредено право, се надополнува во образованието. Образованието е втор дом на детето и тоа покрај образовната, ја има и онаа исконска воспитна функција. Токму воспитанието во образовните институции има за цел, сето она што е пропуштено или на едно елементарно ниво дадено во семејството, да се надгради во училиштето. И оние вредности коишто се суштински за животот на единката во општеството, а што во одредена мера не се етаблирани во вредносниот и морален кодекс кај детето, треба да се надополнат низ образовниот процес. Уште од најрана возраст на детето треба да му се објаснат основните вредности, морални норми и човекови права и слободи, коишто ќе бидат негови двигатели во текот на неговиот живот и ќе му помогнат во сопственото етаблирање во општествениот дискурс. На детето

треба мошне пластично и едноставно да му се објасни што е добро, што е правилно, што значи еден човек да биде слободен, што значат правата што треба да ги има секој човек, кои права ги има како граѓанин, но и одговорноста којашто оди рака под рака со сите права. Исто така, треба да се научи на интеркултурни вредности, коишто подразбираат живеење со луѓе различни по културна, етничка, религиска и каква било друга определба, сè со цел да сфати дека различноста не е хендикеп, напротив, различноста е придобивка. Во тој контекст, сфаќајќи ги вредностите и човековите права на секоја индивидуа, полесно ќе разбере дека сите луѓе се еднакви, секој е еднаков граѓанин на општеството во коешто живее и секој треба да има активна улога во него. Во тој контекст треба да се потенцираат вредностите како љубов, толеранција, почитување, одговорност, чесност, алтруизам, космополитизам, слобода и кога тие вредности ќе станат дел од вредносниот систем на младиот човек, тој мошне полесно ќе ги разбере, сфати и шири човековите права, коишто се суштински за секое граѓанско општество. Во случај кога толеранцијата ќе биде врвна вредност за еден млад човек, многу лесно ќе се залага за правото на избор на секоја индивидуа или за правото на слобода на говор. Само на тој начин образованието, преку вредносна и морална ука, поука и надградба на учениците, ќе придонесе тие сериозно да се залагаат за поимање, осознавање и етаблирање на човековите права.

## РАЗБИРАЊЕ НА ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА

Секое човечко суштество природно ги познава човековите права – сите ние знаеме кога е присутна неправдата, како и дека правдата е крајниот израз на човековите права. Сите ние спонтано избегнуваме понижување, меѓутоа, честопати поради страв од понижување, понижуваме други. Овој магичен круг може да се прекине доколку луѓето научат да му веруваат и да го почитуваат другиот, по пат на интернализација и социјализација на човековите права како начин на живеење. Треба да се научи дека човековите права бараат заемно почитување и дека сите судири треба да се разрешат, раководени од човековите права.

Рамката на човековите права, доколку ја познаваме и се повикуваме на неа, е конечно водечка насока за трасирање на нашата иднина. Таа претставува важен критички систем за поддршка и моќно средство за активно дејствување против сегашната општествена дезинтеграција, сиромаштија и нетолеранција коишто владеат низ целиот светот. Човековите права всушност ја подразбираат еднаквоста и недискриминацијата.

Ако се разгледа историјата, мошне лесно може да се забележи дека уште од античко време се зборувало за темелни вредности, морални норми и човекови права. Во полисите (градовите држави во Античка Грција) граѓанинот се сметал за човек кој има благородни вредности, развиени морални норми, бил исполнет со добрина и бил културен и образован човек. Така обликувајќи го античкиот граѓанин, тој се залагал истовремено и за создавање и почитување на одредени, тогаш постоечки, човекови права и слободи. За да бидат добри граѓани на општеството во коешто живееле, тие требале да ги почитуваат правата и слободите коишто им биле дадени, но истовремено и да ги унапредуваат, со што и самите придонесувале за унапредување и развивање на општеството во коешто живееле.

Тежнеењето кон заштита на човековото достоинство на сите човечки суштества се наоѓа во средиштето на концептот на човековите права. Тој концепт го поставува човекот во центарот на вниманието. Тој се заснова врз заеднички универзален систем од вредности посветен на светоста на животот и обезбедува рамка за изградба на систем на човекови права, заштитен со меѓународно прифатените норми и стандарди. Во текот на 20-тиот век, човековите права се развија во морална, политичка и правна рамка и станаа водечка насока за развој на свет ослободен од страв и немаштија.

Човековите права се стандарди коишто им овозможуваат на сите луѓе да живеат со достоинство, слобода, еднаквост, правда и мир. Секој човек ги има овие права, едноставно затоа што тој е човечко суштество. Тие се загарантирани за секој без разлика на расата, бојата, полот, јазикот, религијата, политичките или други мислења, националното или социјалното потекло, имотот, раѓањето или друг статус. Човековите права се од суштинско значење за целосен развој на поединецот и на заедницата.

Многу луѓе ги сметаат човековите права како збир од морални принципи коишто важат за сите. Човековите права се исто така дел од меѓународното право, содржани во договори и декларации со коишто се наведуваат одредени права до коишто земјите треба да се придржуваат. Земјите често ги вклучуваат човековите права во сопствените национални, државни и локални закони.

Она што е исто така значајно и треба да се потенцира, посебно кога станува збор за современите демократски држави е фактот што токму вредностите и моралните принципи се суштински за развивањето и унапредувањето на правата и слободата на граѓаните, а пак сите тие се клучна фигура за развивањето на демократијата како облик на владеење. Оттука со право може да се спомене дека клучни карактеристики и критериуми за развој на демократијата и демократското општество се: слободата и правото на говор, правото и слободата на изразување, правото и слободата на вероисповед, правото и слободата на припадност кон различни заедници кои постојат во општеството, правото и слободата на здружување, правото и слободата на заштита и др.

Во демократските и развиени општества, секој граѓанин си ги знае своите права, слободи, но и одговорности што ги има кон општеството. Тој активно работи на остварувањето на своите права и слободи и неприкосновено се бори за нив. Сон на секое развиено и демократско општество е уште од најрани години кај децата да ги вткае клучните вредности и морални норми коишто ќе бидат ѕвезди водилки во неговиот живот, но и да му ги пренесат и покажат основните права и слободи, коишто сами по себе нему му припаѓаат. Децата треба да научат како да ги остваруваат своите права и слободи, како да се борат за нив, како да ги развиваат и да им се развие матрицата дека само со почитување на слободите и правата ќе придонесат и за подобрување, но и развој на општеството во коешто живеат. Една од клучните компоненти поврзана со правата и слободите е учеството на децата и младите во развојот на демократијата во општеството во коешто живеат. Има најразлични начини на учество на младите, преку проекти, активности и други модули коишто ќе значат сопствено унапредување, но и развој на општеството. Во тој контекст, на секој млад човек, од најрано нозе, треба да му се пренесува максимата на познатиот американски претседател Џон Кенеди кој рекол: „Не прашувај што може државата да направи за тебе, запрашај се што можеш ти да направиш за државата".

## ПОТЕКЛО И ВИДОВИ ЧОВЕКОВИ ПРАВА

Зборувајќи за човековите права и слободи, треба да се знае дека тие не се плод на современоста, напротив, заложби и создавање на човекови права и слободи има уште во античкиот период. Секако дека со развојот на општеството се развиваат и унапредуваат човековите права и слободи, но дефинитивно нивните никулци се среќаваат уште во антиката. Имено, познатите антички филозофи и мислители, вклучително и софистите, јавно говореле и се залагале за еднакви права и слободи на сите граѓани, потенцирајќи дека луѓето по природа се еднакви, а со самото тоа го осудувале и ропството, сметајќи дека е неправедно и неприродно. Голем дел од античките филозофи во своите познати и признати дела пишувале за правата и слободите на граѓаните, и на својствен начин го потенцирале фактот дека секој човек е роден слободен и не смее да биде роб на друг. Прашањата врзани за човековите права и слободи се надоврзуваат во римско време, и денес ни е познато римското право, преку вековите што се надоврзуваат, тие сè повеќе испливуваат на површина и се етаблираат. Несомнено, значаен филозоф кој пишува за човековите права, за толеранцијата како суштински принцип на којшто се темелат низа права и слободи е Џон Лок кој сметал дека правото на живот, правото на слобода и правото на сопственост се круцијални права што му припаѓаат на секој поединец. Несомнено, како значаен настан и период којшто придонесува за етаблирањето на човековите права и слободи е Францускката буржоаска револуција (1789 г.), при што во тој период се усвојува Декларацијата за правата на човекот и граѓанинот според којашто сите луѓе се раѓаат и остануваат слободни и еднакви во своите права. Од 18 век па наваму, човековите права и слободи се унапредуваат и развиваат, за со право денес, во современото општество, да кажеме дека тие генерално се почитуваат, но и во континуитет се унапредуваат.

Кога се говори за поделбата на човековите права има повеќе критериуми, а некои од нив се следниве:

***УНИВЕРЗАЛНИ*** - Човековите права им припаѓаат на сите луѓе подеднакво, независно од статусот. Сите се раѓаат слободни и достоинствени.

***НЕПРЕНОСЛИВИ*** - Човековите права не можат да бидат пренесени на друг. Луѓето ги имаат човечките правата дури и кога нивните влади ги кршат тие права.

***ЗАЕМНО ПОВРЗАНИ*** - Исполнување или прекршување на еден право влијае врз исполнувањето на другите права.

***НЕДИСКРИМИНАТОРСКИ*** - Човековите права треба да се почитуваат без разлика на расата, бојата на кожата, полот, јазикот, религијата, политичкото или друго мислење, националното или социјалното потекло, имотот, раѓањето или друг статус.

Правата исто така може да се поделат и на следниов начин:

***ПРВА ГЕНЕРАЦИЈА ПРАВА - ГРАЃАНСКИ И ПОЛИТИЧКИ ПРАВА.*** Во фокусот на своето внимание овие права ја вклучуваат личната слобода и подеднакво вклучување на секој поединец во политичкиот и општествениот живот. Граѓанските права се насочени кон овозможувањето и обезбедувањето живот на секој граѓанин и негова безбедност, слобода на збор, на мисла, на говор, слобода на делување, слобода на вероисповед, право на приватност, слободен пристап до информации и сл. Во контекст на политичките права, тие се однесуваат на можноста и правото на секој поединец да учествува во политичкиот живот на земјата и тоа преку правото секој рамноправно да учествува на избори, да гласа, да се кандидира за политичка функција, право да членува и да биде активен во одредена политичка партија.

***ВТОРА ГЕНЕРАЦИЈА ПРАВА - СОЦИЈАЛНИ, ЕКОНОМСКИ И КУЛТУРНИ ПРАВА.*** Овие права се однесуваат на сферата на социјалата, на економијата и на културата. Во тој контекст, тука влегуваат правото на секој човек да се образува, правото на здравствена заштита, правото на создавање на семејство, правото на користење на одмор, на недискриминација, правото на работа на секоја индивидуа, правото на социјална и здравствена заштита, правото на учество и уредување на културниот живот на општеството.

***ТРЕТА ГЕНЕРАЦИЈА ПРАВА - КОЛЕКТИВНИ, СОЛИДАРНИ И РАЗВОЈНИ ПРАВА.*** Овие права се однесуваат на групите, односно, заедниците и нивна заштита. Тука влегуваат правото на здружување, на солидарност, правото на мир, на здрава животна средина и сл.

## ОПШТЕСТВЕНИТЕ ВРЕДНОСТИ КАКО БАЗА ЗА ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА И СЛОБОДИ

Вредностите се извор на моралот, она врело од коешто моралот се напојува, двигателите на човековото однесување и битисување. Вредностите се и основа за развивањето и унапредувањето на човековите права и слободи. Најчесто ги дефинираме како апстрактни идеали коишто ги изразуваат општите аспирации на луѓето. Вредностите се сите оние идеали за коишто се врзуваат човековите потреби и желби, односно за вредност се смета сето она што може да биде предмет на човековата потреба и желба и што може да се задоволи на начин којшто не е спротивен на културата во едно општество. Вредностите се најцврстиот дел од културата на едно општество. За да општеството оди напред, за да постои прогрес во општеството, мора да постои стабилен и развиен вредносен систем.

Вредностите се усвојуваат преку процесот на социјализација, првин во рамките на семејството, потоа групата на врсници, училиштето, но она што е суштествено е што секоја индивидуа треба да има вредносен систем што ќе биде двигател во нејзиниот живот. Поединец без вредносна ориентација (или општество во коешто владее вредносна дезориентација или вредносен вакуум) може да се спореди со чамец на отворено море без кормилар и од сите страни удиран од силен ветар и разбранувани бранови. Чамецот некое време може да се одбрани од напливот на водата, но на крај ќе биде скршен и ќе потоне, па така и поединецот без вредносна ориентација, одреден период ќе лута, ќе бара, но на крај апсолутно ќе се изгуби во општеството.

Вредностите го изразуваат она што на човекот му се допаѓа, она што мисли дека е добро и што го бира, и го препорачува како правилно. Вредностите произлегуваат од човековите желби, интереси и потреби, тие се оној духовен елемент којшто го поттикнува човекот во остварувањето на своите интереси и потреби. Вредностите се значајна внатрешна човекова димензија, но и општествена мерка со којашто тој најдобро ги мери своите цели и достигнувања, своите духовни и материјални текови, а заедницата ја оценува ориентацијата и постапките во нејзини рамки.

Вредностите, всушност, ни говорат за она за што се залагаме, за она кон што сме свртени, што ни се допаѓа и што сакаме да ни се случи, но и за она што ни е спротивно и за што немаме разбирање и го отфрламе. Вредностите се израз на нашата свест за животот, за односите меѓу луѓето и за човековите постапки. Вредностите ѝ се блиски на душата на личноста, тие се нејзиното најискрено чувство и таа нив ги смета за свои внатрешни насоки. Вредностите бараат и треба да се почитуваат и треба да се сметаат дека се нешто навистина значајно и достојно за човековото внимание и избор. Во вистинска смисла на зборот, од тоа какви вредности ќе усвоиме ќе зависи и човековата борба за права и слободи и нивното континуирано развивање. Како суштински пример на гореспоменатото е фактот дека, ако толеранцијата ни е вредност којашто е дел од нашиот вредносен дискурс, во тој случај ние и ќе се однесуваме во духот на

толеранцијата, ќе го прифаќаме различниот од нас, во секоја смисла на зборот, и консеквентно на тоа ќе ги унапредуваме правата на секој поединец коишто треба да си ги оствари, но и да ги унапредува во општеството во коешто живее.

Времето во коешто денес живееме е период на транзиција којашто неминовно наметна и реформи во вредносниот систем. Прашањата за темелните вредности мора да се отворат бидејќи разговорот за темелните вредности и тоа како денес е неопходен. Времето во коешто живееме ги потиснува, ги гази или едноставно ги заборава темелните вредности коишто човекот го прават човек. Можеби разговорот за темелните вредности би бил излишен во некое друго почисто време, но во ова матно време и период на криза на вредносниот систем, потребно е да се свртиме и вратиме на прашањата што се од приоритетно значење за човекот и за животот воопшто. Човековиот општествен живот не може да се среди и да биде целосен без некоја внатрешна сила. Системот на вредности е сигурносен систем и без него личноста и заедницата би се распаднале, а животот би бил бесмислен. Сите догми, сите морални системи и сите општествени установи се создадени од потребата за сигурност. Таму каде што има надеж постои и свест за иднината, кога човекот се надева дека секое утро ќе се разбуди непоразен. Кога луѓето ќе залутаат во шумата наречена живот, само моралните вредности ќе им помогнат да се вратат на вистинскиот пат, инаку ќе станат плен на играта на бесмислените сили.

Прашањата што често си ги поставуваме, а се поврзани со вредностите, се: дали секоја човекова постапка е вредносно определена, дали вредностите се универзални или зависат од општество до општество, која е суштинската поврзаност на вредностите со човековите права и слободи, која е карактеристиката на вредносните судови, дали постои хиерархиска вредносна скала и сл. Во однос на овие прашања научниците нудат одредени одговори што всушност ја покажуваат суштината на поставените прашања.

Првин треба да се истакне дека секоја човечка постапка, чин, дело, однесување и сл. сами по себе не се ниту вредни ниту безвредни, туку се вредносно неутрални. Дури откако една постапка, чин, дело, однесување ќе се оцени во однос на одредена вредност, тогаш тоа станува вредно или невредно. Ништо нема вредност само по себе, туку вредноста се добива само во одреден систем на вредности. Секоја постапка вреди онолку колку што придонесува за остварувањето на одредена вредност, односно без таа вредност како мерило за нашите постапки, човекот не би знаел кога постапува добро, а кога лошо. Воспитно-образовниот систем на одредено општество ги избира основните вредности или системот на вредности за коишто се бори во долготрајниот процес на социјализација на младите поколенија. Воспитувајќи ги и образувајќи ги младите во склад со времето во коешто живеат, всушност, подразбира да се воспитуваат и образуваат за да ги негуваат постојните, но и да создаваат нови вредности, поединечни или систем на вредности. Во секој период од историјата, општеството прифаќа и истакнува одредени највисоки вредности и ги остварува во сите области на животот и културата.

Во однос на вредносните судови, Шушњиќ истакнува дека вредносните судови не ги опишуваат појавите, туку го изразуваат нашиот став во однос на нив. Тие не ги пренесуваат сознанијата за појавите, туку зборуваат за нашиот вредносен систем. Тој исто така укажува дека сите вредносно-нормативни искази не се во исто време и морални искази, односно моралните искази се само еден облик на вредносно-нормативни искази.

Анализирајќи го прашањето за вредносна хиерархиска скала, може да се даде потврден одговор, имено, во секое општество имаме вредносна пирамида на чиешто чело стои врвната вредност. Како што потенцира професорот Темков, вредностите имаат своја лествица и на таа лествица се разликуваат најзначајните од помалку значајните вредности, оние незаобиколните од оние коишто се однесуваат на прашања коишто се помалку важни, оние вредности коишто мора да ги почитуваат сите од оние кои можат да бидат предмет на индивидуален избор, оние кои се влијателни и се шират преку сите други вредности и оние кои се ситни и нивната важност не може точно да се согледа. Тој исто така укажува на фактот дека основните вредности коишто се сметаат за основа на сите останати, всушност се оние вредности кон коишто личноста најмногу се придржува во своето постапување и оценување. Како што претходно споменавме, постои и врвна вредност, највисока, а тоа е онаа којашто е идеал, којашто стои највисоко на хиерархиската вредносна скала, од неа се изведени сите вредности, и сите вредности служат за да се оствари таа врвна вредност. Во секое општество постои врвна вредност.

Споменувајќи го поимот вредност, аналогно на тоа како поим што стои наспроти него би бил поимот невредност, а тоа значи колку одредена вредност е позитивна и треба да се почитува, препорачува и следи, толку негативната вредност треба да се критикува и избегнува. Етичките начела можат да се изразат само максималистички. Постои она највозвишеното како мерка и граница, над којашто нема ништо повеќе, но под којашто се сместува оцената на секое конкретно, па и морално делување.

На прашањето за универзалноста на вредносниот систем, може да се понуди одговор дека одредени вредности се насекаде прифатени, без оглед на системот на којшто почива општеството, односно постоењето на универзални норми претпоставува постоење и на универзални вредности, односно ако нема универзални вредности, тогаш се можни само релативни норми. Иако има вредносни ориентации коишто се карактеристични за различни општества и има модификации од општество до општество, сепак, постојат и универзални вредности коишто секаде се основа врз којашто се градат моралните норми. Ако во општеството постои врвна вредност, во тој случај секој поединец нужно ја гледа и наоѓа смислата на својот живот, пред сè преку остварувањето на таа вредност. Тој има лична свест и за надличните вредности. Само преку постоење на врвна вредност поединецот ќе знае што треба да прави за да живее вредносен живот, тој има мерило во однос на коешто ги одмерува своите мисли и дела. Оние пак поединци, чиј живот не е раководен од одредени вредности, остануваат без патоказ.

Која ќе биде врвна општествена вредност, пред сè зависи од типот на општеството. Има општества каде што, на пример, врвна вредност е храброста, и во тој случај храбрите луѓе ќе имаат најголема цена и ќе уживаат најголем углед. Во други општества врвна вредност е честа, па врз основа на тоа, чесните луѓе кои постапуваат чесно во секоја ситуација ќе бидат најмногу почитувани. Во трети општества знаењето и духовните вредности најмногу се ценат и наградуваат, па разумните и способни личности се први личности во тоа општество. Но, она што е значајно, без оглед на видот на општеството, е што секаде вредностите се основа за постоење, развивање и унапредување на човековите права и слободи.

Зборувајќи за вредностите, може да се согледа дека постои вредносна хиерархиска скала, којашто на врвот ја има врвната вредност, а тоа е доброто. Поимите добро и антипод на тој поим, поимот зло, се основни, базични етички поими, односно околу нив се врти сè во етиката, тие ја даваат смислата на моралот и со помош на нив се изведуваат и мерат сите човечки намери и дела.

Доколку се почитува и се потенцира доброто како врвна морална вредност, сама по себе ќе се наметнува и потребата од почитување на човековите права коишто се во сржта на доброто како вредност. Доброто се одредува по себе (само по себе), спрема неговата висока вредност и важност којашто таа го има за животот и личноста на човекот, иако може да се одреди и како нешто со коешто се исполнуваат и поради што се извршуваат моралните норми, или како основен елемент на исправен живот, или како облик на дејност со којашто се создава среќа или како најголема среќа за најголем број на луѓе. Доброто како такво се осознава интуитивно, непосредно, директно се увидува што е добро, кон што треба да се тежнее, што е она што треба да се сака и да се работи. Вака дефинираното добро ни го потенцира и дефинирањето на злото, како антином на доброто, злото е нешто лошо, нешто што не треба да се прави и нешто што треба да се избегнува.

Во човековиот живот треба да се настојува да се живее согласно со доброто, доброто е она што треба да нè води во нашето делување, доброто е она што треба да се преферира, што се бира, препорачува и брани, нешто кон што тежи личноста. Само со преферирање на доброто и почитувајќи ги принципите на доброто, човекот ќе живее правилно и правилно ќе ги извршува своите обврски. Всушност, моралните норми, вредностите и воопшто моралните принципи, се сржта на човекот и негови двигатели во животот. Само со изграден морален кодекс, само со правилен вредносен систем којшто на врвот на својата хиерархиска скала ќе го има доброто како врвна вредност, човекот ќе може правилно да се развива и да ги врши сите активности во општеството во коешто живее.

# ГЛАВНИТЕ СТОЛБОВИ НА СИСТЕМОТ НА ЧОВЕКОВИ ПРАВА

Член 1 од Универзалната декларација за човекови права (УДЧП), усвоена од Обединетите нации во 1948 година, се однесува на главните столбови на системот на човекови права, односно **слободата, рамноправноста и солидарноста.** Слободите, како што се на пример, слободата на мисла, совест и вероисповед, како и слободата на уверување и изразување, се заштитени човекови права. На сличен начин, човековите права гарантираат рамноправност, како што е еднаквата заштита од сите форми на дискриминација во остварувањето на сите човекови права, вклучувајќи ја и целосната рамноправност меѓу жените и мажите. Солидарноста ги опфаќа економските и социјалните права, какви што се правото на социјална сигурност, праведно плаќање за трудот и соодветен стандард на живот, здравје и достапно образование, коишто се составен дел од рамката за човекови права.
Овие права детално се претставени во пет поглавја како политички, граѓански, економски, социјални и културни човекови права, коишто се правно уредени во два паралелни меѓународни пакта, коишто се надополнуваат на УДЧП и на тој начин го одредуваат Законот за човекови права.
*„Сите човекови права за сите“* беше мотото на *Светската конференција за човекови права во Виена* во 1993 година. Човековите права ги оспособуваат и им даваат моќ на поединците и на заедниците да бараат трансформација на општеството во насока на целосно остварување на сите човекови права. Судирите треба да се разрешуваат по мирен пат, врз основа на владеењето на правото и во рамки на човековите права.
Меѓутоа, човековите права можат да се преклопуваат едни со други; тие се ограничени со правата и слободите на другите или поради потребите за заштита на моралот, јавниот ред и општата благосостојба во едно демократско општество (член 29 од УДЧП). Човековите права на другите мора да се почитуваат, не само да се толерираат. Човековите права не смеат да се користат за прекршување на други човекови права (член 30 од УДЧП); па така, сите судири мора да се разрешуваат со едновремено почитување на човековите права и покрај тоа што во време на вонредна состојба и во екстремни случаи може да се наметнат одредени ограничувања.

Затоа, сите, жени, мажи, млади и деца, треба да ги знаат и да ги разбираат своите човекови права како релевантни за нивните проблеми и стремежи. Ова може да се постигне преку едукација и изучување на човековите права, којашто може да биде формална, неформална или неофицијална. Разбирањето на принципите и постапките сврзани со човековите права ги оспособува луѓето да учествуваат во одлуките коишто ги одредуваат нивните животи, да дејствуваат во насока на разрешување на судири и одржување на мирот, раководејќи се од човековите права, а сето тоа претставува остварлива стратегија за човеков, општествен и економски развој во чие средиште се наоѓаат луѓето.
Едукацијата и изучувањето на човековите права (ЕЧП) треба да ги спроведуваат сите фактори или засегнати субјекти, како граѓанското општество, владите и меѓународните компании. Преку изучување на човековите права може да се развие вистинска *„култура на човековите права“*, заснована врз почитување, заштита, исполнување, спроведување и практикување на човековите права.

Правото на едукација од областа на човековите права може да се изведе од член 26 од УДЧП, според кој *„Секој има право на образование. [...] Образованието е насочено кон целосен развој на човековата личност и кон јакнење на почитувањето на човековите права и основните слободи...“.*
Генералното собрание на ОН со Резолуцијата 49/184 од 23 декември 1994 година (*UN GA Res. 49/184*) прогласи дека Декадата на ОН посветена на едукацијата од областа на човековите права ќе се спроведува во рамките на Акциониот план на Декадата на ОН за едукацијата од областа на човековите права за периодот 1995-2004 (*UN Doc A/51/506*, Дополнување 1 од 12 декември 1996 година).

На 10 декември 2004 година, Генералното собрание на ОН прогласи нова Светска програма за едукација од областа на човековите права (*UN GA Res.* 59/113А), којашто треба да се имплементира преку акциони планови усвоени за времетраење од по три години. Акциониот план за првата фаза (2005-2007 година) од Светската програма за едукација од областа на човековите права (*UN Doc. A/59/525/Rev.* 1 од 2 март 2005 година) се фокусира врз системите на основните и средните училишта.

Во ***Резолуцијата 49/184 на Генералното собрание*** *од 23 декември 1994 година, со* која се прогласи Декадата за ЕЧП на Обединетите нации, се истакнува: *„... едукацијата од областа на човековите права треба да вклучи повеќе од обезбедување информации и треба да претставува сеопфатен доживотен процес, преку кој луѓето на сите нивоа на развој и од сите слоеви на општеството ќе учат да го почитуваат достоинството на другите, како и начините и методите како да се обезбеди такво почитување во сите општества.“*

**Во Акциониот план на Декадата за ЕЧП на Обединетите нации (1995-2004 година) се нагласува дека:** „... едукацијата од областа на човековите права се дефинира како обука, ширење информации и информирање насочени кон градење универзална култура на човековите права, по пат на пренесување знаење и вештини и оформување на ставови насочени кон:
(а) Зајакнување на почитувањето на човековите права и основните слободи;
(б) Целосен развиток на човековата личност и чувството на достоинство;
(в) Унапредување на разбирањето, толеранцијата, родовата рамноправност и пријателството меѓу сите нации, локалните народи и расните, националните, етничките, верските и јазичните групи...“

## ЧОВЕКОВИ ПРАВА И ЧОВЕКОВА БЕЗБЕДНОСТ

УДЧП беше изготвена како резултат на најсериозните прекршувања на човековото достоинство, какво што е особено искуството со Холокаустот за време на Втората светска војна. Фокусот е насочен кон личноста на човекот. Во Преамбулата на Декларацијата се споменува *„ослободување од страв и од немаштија"*. Истиот пристап претставува природен дел од концептот за човековата безбедност.

На *Меѓународната работилница посветена на човековата безбедност и едукацијата од областа на човековите права* одржана во Грац, во јули 2000 година, се истакна дека човековата безбедност е насочена кон заштита на човековите права, односно преку спречување судири и третирање на длабоките причини за несигурност и ранливост.

Стратегијата за човекова безбедност се стреми кон воспоставување глобална политичка култура којашто се заснова на човековите права.

Во овој контекст, едукацијата од областа на човековите права е стратегија насочена кон човековата безбедност бидејќи ги оспособува луѓето да бараат решенија за своите проблеми врз основа на заеднички глобален систем од вредности и пристап којштo е ориентиран кон правилата и заснован врз правата, наместо пристап којштo е ориентиран кон власта. Човековата безбедност се промовира во општеството на децентрализиран начин, почнувајќи од основните потреби на луѓето, подеднакво како на жените, така и на мажите, односно проблемите на лична безбедност, сиромаштија, дискриминација, општествена правда и демократија. Ослободувањето од експлоатација или корупција започнува тогаш кога луѓето повеќе не го прифаќаат кршењето на нивните права. Институциите на граѓанското општество како Транспаренси Интернешенел (*Transparency International*) го поддржуваат овој процес на еманципација заснован врз познавањето на човековите права.

Постојат неколку **врски меѓу човековите права и човековата безбедност.** *„Безбедноста"* во облик на лична безбедност (на пр. заштита од произволно притворање), социјална сигурност (на пр. обезбедување елементарни потреби, како безбедност на храната) и меѓународна безбедност (правото на живеење во безбеден меѓународен поредок) соодветствува на постоечките човекови права. *„Безбедносните политики мора да бидат многу повеќе интегрирани со стратегиите за унапредување на човековите права, демократијата и развојот. Човековите права, хуманитарното право и правото на бегалци ја обезбедуваат нормативната рамка, врз која се заснова пристапот кон човековата безбедност."*

Кршењата на човековите права откриваат закани за човековата безбедност, па затоа тие се користат како показатели кај механизмите за рано предупредување заради спречување судири, односно конфликти. Меѓутоа, човековите права, исто така, имаат улога и во управувањето со конфликти, трансформацијата на судири и пост-конфликтното градење на мирот. Едукацијата од областа на човековите права, преку пренесување знаење, градење вештини и оформување ставови, ја сочинува основата за една вистинска култура на превенција.

Покрај тоа што човековите права се неопходен инструмент за спречување судири, тие исто така претставуваат клучен концепт во градењето систем на управување и за демократијата. Тие обезбедуваат основа за справување со

општествените и глобалните проблеми по пат на активно учество, зголемена транспарентност и одговорност.

**Декларацијата за принципите на едукација од областа на човековите права и човековата безбедност од Грац,** усвоена на 5-тата министерска средба на Мрежата за човекова безбедност во Грац на 10 мај 2003 година, има за цел зајакнување на човековата безбедност по пат на едукација од областа на човековите права, почнувајќи од правото да се познаваат сопствените човекови права за да се идентификува одговорноста на сите релевантни фактори за едукација од областа на човековите права, како и го поздрави прирачникот „Разбирање на човековите права ", којшто треба да се преведе, дистрибуира и широко употребува.

Во Декларацијата од Грац, исто така, се посочува дека човековите права и човековата безбедност се меѓусебно нераскинливо поврзани, бидејќи унапредувањето и остварувањето на човековите права е цел и составен дел на човековата безбедност (член 1).

**Комисијата за човекова безбедност,** воспоставена во 2001 година, под раководството на копретседавачите Садако Огата (*Sadako Ogata*), поранешен висок комесар за бегалци на ОН и Амартиа Сен (*Amartya Sen*), добитник на Нобеловата награда за економија, заедно со Интер-американскиот институт за човекови права и Универзитетот за мир, одржаа работилница за односот меѓу човековите права и човековата безбедност во Сан Хозе, Костарика, во декември 2001 година, на којашто се изработи *„Декларација за човековите права како неопходна компонента на човековата безбедност"* (http://www.humansecurity-chs.org/doc/sanjosedec.html). Извештајот на оваа комисија за „Човековата безбедност сега", изготвен под водство на копретседавачите Садако Огата и Амартиа Сен, се однесува на неколку загрижувачки прашања во поглед на човековите права. Според Бертран Г. Рамчаран (*Bertrand G. Ramcharan*), поранешен вршител на должноста висок комесар за човекови права на ОН, меѓународните норми и нормите за човековите права го дефинираат значењето на човековата безбедност.

Со член 3 од УДЧП и член 9 од Меѓународниот пакт за граѓански и политички права, исто така, се заштитува правото на слобода и безбедност на личноста, коешто посебно се однесува на ослободувањето од страв. Понатаму, член 22 од УДЧП и член 9 од Меѓународниот пакт за економски, социјални и културни права го признаваат правото на социјална сигурност, коешто заедно со другите економски и социјални права соодветствува на ослободувањето од немаштија. Односот меѓу глобализацијата и човековата безбедност се разгледува во Милениумскиот извештај на генералниот секретар на ОН, Кофи Анан (*Kofi Annan*) од 2000 година, во којшто, исто така, се прави разлика меѓу **ослободување од страв** и **ослободување од немаштија,** разлика којашто потекнува од четирите слободи прогласени од страна на американскиот претседател Рузвелт (*Roosevelt*) во 1940 година, за време на Втората светска војна, како визија на повоениот поредок. Извештајот на Генералниот секретар на ОН насловен „Со поголема слобода" од 2005 година, се концентрира врз тоа како „да се усоврши триаголникот на развојот, слободата и мирот" (став 12).

Борбата против сиромаштијата, како и борбата за остварување на економски, социјални и културни права е исто толку важна за безбедноста, колку и борбата за политичка слобода и основни слободи. Овие права не можат да се раздвојат, тие се меѓусебно зависни, меѓусебно поврзани и неделиви (*Ослободување од сиромаштија, право на здравје, право на работа*). Генералното собрание на

ОН, во „Излезниот документ" што произлезе од неговото заседание во 2005 година, побара да се разработи дефиниција за човековата безбедност.
Според Извештајот за човековиот развој на УНДП за 2000 година, човековите права и човековиот развој имаат заедничка визија и цел. *Индексот на човековиот развој,* којшто се употребува во извештаите за човековиот развој на УНДП содржи неколку показатели, како што се пристапот до образование, безбедност на храната, здравствени услуги, родова рамноправност и политичко учество, коишто директно кореспондираат со човековите права. Како заклучок, концептите за човековата безбедност, човековите права и човековиот развој се преклопуваат, заемно се зајакнуваат и меѓусебно се зависни.
**УНЕСКО** се фокусира врз човековата безбедност, посветувајќи подеднакво внимание на прашањата за насилството и развојот, и притоа црпи инспирација од еден регионален пристап кон човековата безбедност.
Во 2005 година, под водство на Ендрју Мек (*Andrew Mack*) е објавен **„Извештај за човековата безбедност",** којшто се концентрира врз насилните закани по човековата безбедност и којшто треба да продолжи да се објавува еднаш годишно. Во извештајот се прикажува односот меѓу судирите и демократското владеење, укажувајќи дека зголемувањето на бројот на демократски влади низ светот води кон намалување на насилните судири.

## КОНЦЕПТ И ПРИРОДА НА ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА

Денес, концептот на човековите права е признат како **универзален,** како што може да се види од декларацијата усвоена на Светската конференција посветена на човековите права во Виена во 1993 година и резолуциите на Обединетите нации донесени по повод 50 годишнината од Универзалната декларација за човекови права во 1998 година. Некои скептици кои ја доведуваат во прашање универзалноста на човековите права, треба да се потсетат дека државите што се толку географски различни како што е случај со Кина, Либан или Чиле, беа меѓу оние држави што помогнаа во изработката на овој концепт во втората половина на 1940-тите години. Како и да е, оттогаш уште многу држави ја изразија својата поддршка на Универзалната декларација за човекови права и ги ратификуваа Меѓународниот пакт за граѓански и политички права (МПГПП) и Меѓународниот пакт за економски, социјални и културни права (МПЕСКП), а коишто се темелат врз Универзалната декларација. Конвенцијата за елиминација на сите форми на дискриминација на жените (ЦЕДАВ) е ратификувана од страна на 182 земји, иако со многу резерви, додека Конвенцијата на ОН за правата на детето е ратификувана од страна на 192 земји.

Појдовна основа на концептот на човековите права е концептот на *природното достоинство на сите членови на човековото семејство* вграден во Универзалната декларација и двата меѓународни пактови од 1966 година, коишто исто така го признаваат идеалот на слободни човечки битија кои се ослободени од стравот и немаштијата и кои имаат еднакви и неотуѓиви права. Имено, човековите права се универзални и неотуѓиви, што значи дека тие се применуваат насекаде и не можат да се одземат од ниту еден човек, ниту со негова согласност.

Како што беше истакнато на Светската конференција посветена на човековите права во Виена во 1993 година од страна на Генералниот секретар на ОН, Бутрос Бутрос-Гали (*Boutros Boutros-Ghali*): *„човековите права се вродени права“*.

Човековите права, исто така, се неделиви и меѓусебно зависни. Можат да се разликуваат различни **димензии или категории на човекови права**: **граѓански и политички права**, како слободата на изразување, и **економски, социјални и културни права**, како човековото право на социјална сигурност, коишто треба „прогресивно да се остваруваат“ поради фактот што тие наметнуваат финансиски обврски за државата. Во минатото, одредени држави или групи држави, какви што се социјалистичките држави, особено изразија претпочитање за економските, социјалните и културните права наспроти граѓанските и политичките права, додека Соединетите Американски Држави и земјите членки на Советот на Европа покажаа извесно претпочитање на граѓанските и политички права. Сепак, на Светската конференција за човекови права во Техеран во 1968 година, како и на Светската конференција посветена на човековите права во Виена во 1993 година, на оваа продуктивна дебата ѝ се пристапи со признанието дека и двете категории или димензии на човековите права имаат еднаква важност. Во Техеран 1968 година, тие права беа прогласени за неделиви и меѓусебно зависни, затоа што целосното уживање на економските, социјалните и културните права е речиси невозможно без граѓанските и политичките права, и обратно.

Во 1980-тите години, беше призната една дополнителна категорија човекови права, односно правото на мир, правото на развој и правото на здрава животна средина. Овие права овозможуваат рамка неопходна за целосно остварување на сите останати права.
Сепак, не постои условеност во смисла дека една категорија човекови права е предуслов за друга. Третата категорија права најдобро се опишува како **права на солидарност**, затоа што за нив е потребна меѓународна соработка и тие се насочени кон изградба на заедниците.
Човековите права мора да се разликуваат од „правата на животните“ и од „правата на земјата“ коишто ги пропагираат одредени интересни групи.
Додека човековите права се права на сите поединци, без оглед на тоа дали поседуваат државјанство на одредена држава или не, **правата на граѓаните** се основни права коишто исклучиво им се гарантираат на државјаните на определена држава како што се, на пример, активното и пасивното избирачко право или правото на пристап до јавните служби на одредена земја.
Човековите права исто така треба да се разликуваат од **малцинските права**, коишто се права на припадниците на една група со посебни етнички, верски или јазични карактеристики.
Тие сами или во заедница со другите припадници на групата имаат човеково право да уживаат и да ја негуваат сопствената култура, да веруваат или да ја исповедаат сопствената религија и да го употребуваат сопствениот јазик (член 27 од МПГПП). Повеќе посебни правила се содржани во Декларацијата на ОН за малцинските права од 1993 година и во европските регионални инструменти за човекови права.
Посебно внимание им се посветува на човековите права на **локалните населенија**. Од 1982 година, во работната група на ОН посветена на локалните населенија се води расправа за начините на унапредување и заштита на нивните човекови права, особено во поглед на нивниот однос кон земјиштето.
Во рамките на УНЕСКО, Конвенцијата за заштита и унапредување на разновидноста на културното изразување од 2005 година и Конвенцијата за зачувување на нематеријалното културно наследство од 2003 година ги надополнуваат човековите и малцинските права во зачувувањето на културниот идентитет.
Денес, концептот на човековите права е прифатен на глобален план и како таков претставува основа за меѓународната заедница на државите, меѓународните организации и општествените движења коишто себеси се сметаат за припадници на меѓународното општество.
Човековите права, исто така, можат да бидат **средство коешто луѓето можат да го употребуваат како орудие за општествена промена**.
Затоа, концептот на човековите права е во тесна врска со концептот на демократијата (*Право на демократија).* Условите на Европската Унија и на Советот на Европа за прием на нови земји членки покажуваат во истата насока.
Сепак, дали човековите права ќе можат да имаат вакво трансформирачко дејство зависи од познавањето и разбирањето на човековите права од страна на самите луѓе и од нивната подготвеност да ги употребуваат како орудие за промена.
Традиционалниот концепт на човековите права го критикуваат феминистите затоа што не ја одразува соодветно рамноправноста меѓу жените и мажите, како и поради недостатокот на родова чувствителност. Светските конференции за жени и изработката на Конвенцијата на ОН за елиминација на сите форми на

дискриминација на жените, меѓу другото, придонесоа кон родово-чувствителен пристап кон **човековите права на жените,** којшто исто така се одрази и во Декларацијата на ОН против насилството врз жените (*Човекови права на жените).*

Важно е да се спомне дека инструментите за заштита на човековите права претставуваат нов општествен и политички концепт, правно признавајќи ги жените како потполни и рамноправни човечки битија.

Некои држави исто така укажуваат на своите **историски, верски и културни особености**, во поткрепа на тврдењата дека одредени човекови права не можат да се однесуваат на нив на ист начин како што се однесуваат на други држави. Декларацијата и Акционата програма на Виенската светска конференција го призна постоењето на различни пристапи во остварувањето на човековите права коишто се засновани врз историски, верски и културни фактори, но во исто време ја повторија обврската на сите држави да ги исполнат сите човекови права. Затоа постоењето на културни или верски разлики не смее да се употребува како изговор за нецелосно исполнување на меѓународните обврски во однос на човековите права. Сепак, треба да се има предвид културниот контекст. **Дијалогот меѓу цивилизациите** којшто се одвива во Обединетите нации има токму таква цел, да ја признае позитивната вредност на различните цивилизации, оневозможувајќи изговор за неисполнување на обврските кон човековите права. Едно од најтешките прашања е прашањето за положбата на жените во одредени култури, кое може да доведе до сериозни кршења на човековите права и коешто треба да бидат дел од секоја агенда на дијалог.

## СТАНДАРДИ ЗА ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА НА УНИВЕРЗАЛНО НИВО

Неодамнешната историја на поставување стандарди на глобално ниво започна со **Универзалната декларација за човекови права (УДЧП),** усвоена од страна на Генералното собрание на ОН на 10 декември 1948 година, непосредно по завршувањето на Втората светска војна, којашто беше сведоштво за најголемите повреди на човековите права кога и да е. Спречувањето и казнувањето на геноцидот, онака како што беше извршен врз Евреите во холокаустот, е предмет на *„Конвенцијата за спречување и казнување на злосторството геноцид"*, усвоена еден ден пред усвојувањето на УДЧП.
Со цел заложбите содржани во УДЧП да се преточат во правно задолжителни обврски, Комисијата на ОН за човекови права изготви два меѓународни пакта, еден за граѓански и политички (МПГПП) и еден за економски, социјални и културни права (МПЕСКП).
Поради *студената војна,* тие беа усвоени дури во 1966 година, а стапија во сила во 1976 година, откако беа ратификувани од страна на 35 земји. На 1 јануари 2006 година МПГПП броеше 155, а МПЕСКП 152 членки. Прво беше усвоен МПЕСКП, што беше показател на претпочитањето на тогашното ново мнозинство на земји во развој и социјалистички земји во ОН, на економските, социјалните и културните права.
Во 1960-тите години, борбата против **расната дискриминација** и **апартхејдот** излегоа во прв план, што резултираше со две конвенции – против расната дискриминација и за сузбивање на кривичното дело апартхејд. Понатаму, беа усвоени и конвенциите за елиминација на сите форми на дискриминација на жените, против мачењето и други облици на сурово, нечовечно и понижувачко постапување или казнување, како и за правата на детето. Тие конвенции подетално ги објаснуваат и конкретизираат одредбите од двата пакта или посветуваат посебно внимание на човековите потреби на специфични целни групи. Во случајот со конвенцијата за жените од 1979 година, ***„проблемот на ставање резерви",*** којшто претставува општ проблем на меѓународните договори за човекови права, доби особено значење, бидејќи голем број исламски земји се обидоа на овој начин да ограничат одредени човекови права на жените.
Според **принципот на недискриминација,** државите треба да ги почитуваат и да им ги обезбедат на сите поединци на нивната територија сите човекови права без каква било дискриминација по основ на расата, бојата на кожа, полот, јазикот, религијата, политичкото или друго убедување, националното или социјалното потекло, сопственоста, раѓањето или друг статус (член 2 од МПГПП и МПЕСКП). Понатаму, Дополнителниот протокол бр. 12 на Европската конвенција за човекови права обезбедува општо право на недискриминација од органите на државната власт.
Меѓутоа, исто така постои и можност за **исклучоци** и употреба на **клаузули за отповикување.** Во случај на **општа вонредна состојба** којашто претставува закана за опстанокот на една нација, државата може да ги дерогира своите обврски, доколку официјално е прогласена вонредна состојба, при што мерките остануваат во рамките на ограничувањата коишто состојбата строго ги налага. Мерките мора да бидат преземени врз недискриминаторска основа (член 4 (1) од МПГПП). За ова, другите држави договорни страни треба да бидат известени преку Генералниот секретар на Обединетите нации. Меѓутоа, не се дозволени ограничувања на одредени членови, коишто се однесуваат на правото на живот,

забраната за мачење и ропство, неретроактивноста на кривичните дела или правото на слобода на мисла, совест и вероисповед (член 4 (2) од МПГПП). Од тие причини, овие права се нарекуваат непоништливи права, односно права кои не можат да се дерогираат.

Одредбите за итни и вонредни состојби станаа сè порелевантни во борбата против **тероризмот**. Слични одредби постојат и во Европската конвенција за човекови права (член 15). Комитетот на ОН за граѓански и политички права ги објасни обврските на државите во Општиот коментар (бр. 29, 2001година) за *„вонредните состојби* (член 4)", Интер-американската комисија за човекови права и Комитетот на министри на Советот на Европа усвоија извештај и водечки насоки за *„тероризмот и човековите права"*.

Одредени права можат да содржат таканаречени *„клаузули за отповикување"* коишто дозволуваат ограничувања на одредени права доколку тоа е неопходно за заштита на националната безбедност, јавниот ред, здравјето на луѓето или моралот, или пак заради заштита на правата и слободите на другите. Ваквата можност особено постои во поглед на слободата на движење, слободата да се напушти која било земја, вклучително и сопствената, слободата на мисла, совест и вероисповед, вклучително и изразување на религијата или верата, слободата на изразување и информирање, слободата на собирање и здружување. Овие ограничувања треба да бидат пропишани со закон, што значи дека треба да бидат усвоени од страна на парламентот. Органите коишто ги толкуваат соодветните правни инструменти имаат обврска да ја контролираат секоја злоупотреба на овие одредби. Како последица на ова, имаше неколку случаи пред Европскиот суд за човекови права и пред Интер-американската комисија за човекови права и Судот во однос на примената на овластувањата во вонредни состојби или во однос на клаузулите за отповикување.

## ПРЕГЛЕД НА НАЈВАЖНИТЕ КОНВЕНЦИИ ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА НА ОН

• Универзална декларација за човекови права (1948 година) (*Universal Declaration of Human Rights*)
• Меѓународен пакт за економски, социјални и културни права (1966 година) (*International Covenant on Economic, Social and Cultural Rights*)
• Меѓународен пакт за граѓански и политички права (1966 година) (*International Covenant on Civil and Political Rights*)
• Конвенција за спречување и казнување на злосторството геноцид (1948 година) (*Convention on the Prevention and Punishment of the Crime of Genocide*)
• Конвенција против мачење и други облици на сурово, нечовечно и понижувачко постапување или казнување (1984 година) (*Convention against Torture and other Cruel, Inhuman and Degrading Treatment or Punishment*)
• Меѓународна конвенција за елиминација на сите форми на расна дискриминација (1965 година) (*International Convention on the Elimination of All Forms of Racial Discrimination*)
• Конвенција за елиминација на сите форми на дискриминација на жените (1979 година) (*Convention on the Elimination of All Forms of Discrimination against Women*)
• Конвенција за правата на детето (1989 година) (*Convention on the Rights of the Child*).

## ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА ИНСТРУМЕНТИТЕ ЗА УНИВЕРЗАЛНИТЕ ЧОВЕКОВИ ПРАВА

Државите имаат **должност да ги почитуваат, заштитуваат и исполнуваат** човековите права. Во многу случаи, имплементацијата значи дека државата и нејзините органи треба да ги почитуваат прифатените права, на пример да го почитува правото на приватност или правото на изразување. Ова особено се однесува на граѓанските и политичките права, додека пак за економските, социјалните и културните права имплементацијата подразбира позитивно дејствување од страна на државата во насока на нивно исполнување, односно потребно е да се исполнат или овозможат одредени услуги како образование и здравство и да се обезбедат одредени минимални стандарди. Во овој контекст, се зема предвид капацитетот на дадената држава. На пример, во член 13 од МПЕСКП се гарантира правото на образование на секое лице. Меѓутоа, се прецизира дека само основното образование треба да биде достапно бесплатно. Средното образование и високото образование треба, општо земено, да бидат достапни и возможни за сите, додека бесплатно образование на овие степени се очекува да се воведува прогресивно.
Концептот за постепено достигнување според капацитетот се применува во однос на неколку економски, социјални и културни права.
**Должноста за заштита** налага државата да го спречи насилството и другите повреди на човековите права меѓу луѓето на нејзината територија. Согласно ова, човековите права исто така имаат и *„хоризонтална димензија"*, којашто добива сè поголемо значење во ерата на глобализацијата, покренувајќи го прашањето за општествената одговорност на меѓународните корпорации.
Друг тренд на развој претставува сè поголемото нагласување на **спречувањето на кршењето на човековите права** по пат на структурни мерки, односно преку националните институции или преку вклучување на димензијата на човековите права во операциите на **зачувување на мирот.** Спречувањето е исто така приоритет и на **пристапот на човекова безбедност** кон човековите права.
*Човековите права треба првенствено да се имплементираат, односно остваруваат на* ***национално ниво.*** *Меѓутоа, може да постојат определени* ***пречки,*** *какви што се недостатоците во „доброто управување", како што е корумпираната или неефикасна јавна администрација или судство. Со цел да се обезбеди* дека државата ги исполнува своите обврски, воспоставено е **меѓународно набљудување** на придржувањето на државата кон повеќето меѓународни конвенции за човекови права.
Ова набљудување може да има различни облици. **Системи за известување** се предвидени во многу меѓународни конвенции.
Согласно овие системи, државите треба редовно да известуваат за нивните постигнувања на планот на заштита на човековите права.
Обично, комисија од експерти ги разгледува извештаите и дава препораки како да се зајакне имплементацијата. Комисијата може исто така што даде *„општи забелешки"* за правилно толкување на конвенциите. Во неколку случаи, како на пример во случајот со Меѓународниот пакт за граѓански и политички права (МПГПП), постои дополнителен протокол со којшто се овластува Комитетот за граѓански и политички права да прима **поединечни жалби** од лица за наводни прекршувања на нивните човекови права. Меѓутоа, ова е единствено возможно за луѓето кои живеат во државите коишто го ратификувале дополнителниот

протокол. Некои конвенции имаат, исто така, и одредби за **меѓудржавни жалби,** но оваа можност ретко се користи.

**Судска постапка за заштита е предвидена** само во европските и интерамериканските конвенции за човекови права, преку постоењето на Европскиот и Интер-американскиот суд за човекови права, коишто донесуваат одлуки со правно-обврзувачко дејство за државите. Исто така, ќе се формира и Африкански суд за човекови и народни права, откако неговиот статут ќе стапи во сила.

Како дополнување на постапките содржани во инструментите за човекови права, како што се конвенциите за човекови права, постојат и таканаречени ***„постапки засновани врз повелба",*** коишто се воведени врз основа на Повелбата на Обединетите нации, со цел третирање на повредите на човековите права низ целиот свет. Една таква постапка се заснова врз Резолуцијата 1235, усвоена од страна на Економскиот и социјален совет на ОН (ЕКОСОЦ) во 1967 година, со којашто се дозволи Комисијата за човекови права да решава за тешки и систематски прекршувања на човековите права низ целиот свет во јавна постапка. Другата е доверлива постапка 1503, којашто се темели врз Резолуцијата 1503 на ЕКОСОЦ од 1970 година, со којашто се допушта поднесување петиции до канцеларијата на Високиот комесар на ОН за човекови права во Женева, а кои потоа ги разгледува експертска група на Поткомисијата на ОН за унапредување и заштита на човековите права.

Оваа постапка е главно наменета за тешки прекршувања на човековите права. Исто така, за состојбата во одредена земја може да расправа и Советот за човекови права, составен од 47 членови, којшто ја замени Комисијата за човекови права во 2006 година, како резултат на реформата на Обединетите нации со цел да се зајакне главниот орган за човекови права на ОН.

Во работата на Комисијата за човекови права и нејзиното **експертско тело**, Поткомисијата, **специјалните постапки,** односно активностите на специјалните известувачи и претставници на Комисијата за човекови права или на Генералниот секретар на ОН за прашања од областа на човековите права стекнаа сè поголема важност. Постојат *„известувачи за одредени земји"*, како што е специјалниот известувач за Босна и Херцеговина и Сојузна Република Југославија, за Авганистан, Судан или Хаити како и *„тематски известувачи"*, какви што се специјалните известувачи за тортура или за насилство врз жените. Сè на сè, постојат речиси 40 вакви специјални постапки, преку коишто се собираат информации за нивната област на дејствување и коишто можат да се однесуваат само на одредена земја или за целиот свет. Тие го одразуваат зголемениот активизам на Обединетите нации, а исто така овозможуваат и механизам за следење и последователно дејствување во случаите кога не се предвидени никакви постапки за спроведување или пак недостасува ефикасност, како што е тоа случај со Декларацијата за бранители на човековите права или во случаите на неколку економски и социјални права, како што се човековите права на образование, на исхрана, на соодветно живеалиште, на здравство, политики на структурно прилагодување и надворешен долг. Понатаму, постојат и *„независни експерти", на пример* за правото на развој и *„работни групи"*, на пример, во поглед на присилни исчезнувања и исчезнувања против сопствената волја.

Во 2006 година, **Советот за човекови права (*Human Rights Council*)** ги презеде сите овластувања, функции и одговорности на Комисијата за човекови права.

Понатаму, Високиот комесар за човекови права на Обединетите нации сè повеќе прибегнува кон отворање **мисии на Канцеларијата на високиот комесар** во земјите, каде што постои проблематична состојба со човековите права.
Вакви мисии се воспоставени во земји како што се Авганистан, Босна и Херцеговина, Камбоџа, Колумбија, Гватемала, Хаити, Косово, Црна Гора, Србија, Сиера Леоне, итн. Тие прибираат информации и ги унапредуваат стандардите за човековите права, на пример, по пат на обезбедување совети во текот на законодавниот реформски процес или преку учество во работата на меѓународната заедница.
Активностите на овие посебни институции имаат и заштитна и промотивна улога. Тие промовираат подобро осознавање на човековите права и нивно вклучување во сите активности, со цел решенијата што се носат цврсто да се засноваат врз човековите права. Навистина, **унапредувањето на човековите права** е многу голема задача, којашто не може да се постигне само со дејствување на меѓународните институции и органи. Унапредувањето на човековите права, пред сè, значи луѓето да се запознаат со нивните права, да се информираат за нивните права и да научат како на најдобар начин да ги искористат своите човекови права. Во остварувањето на оваа цел, можат да се вклучат различни субјекти. Тие опфаќаат универзитети, образовниот сектор, општо земено, но исто така и невладини организации (НВОи).
На **национално ниво,** Обединетите нации препорачуваат воспоставување *„национални институции“* за унапредување и заштита на човековите права, како што се народните правобранители или националните комисии за човекови права. За таа цел, Генералното собрание на ОН усвои неколку начела во однос на надлежноста и одговорностите, гаранциите за независност и плурализам, како и методите на работа (Национални институции за унапредување и заштита на човековите права, Резолуција на Генералното собрание на ОН 48/134 од 20 декември 1993 година (*UN GA-Res.* 48/134)).

## РЕГИОНАЛНИ СИСТЕМИ ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ И ЗАШТИТА НА ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА

Покрај универзалните инструменти за заштита на човековите права, се развија неколку регионални системи за човековите права, коишто вообичаено овозможуваат повисок стандард за правата и нивното остварување.
Предноста на регионалните системи се состои во нивниот капацитет да постапуваат и да решаваат по жалбите за повреди на човековите права на поефикасен начин. Во случајот со судовите, тие можат да донесуваат правно обврзувачки одлуки и обесштетување, а исто така и препораките на комисиите за човекови права обично се сфаќаат сериозно од страна на државите. Тие одлуки можат да резултираат не само со градење *„судска практика"* во однос на толкувањето и разјаснувањето на одредбите на инструментите за човекови права, туку исто така и со измени во националното право со цел негово усогласување со меѓународните обврски за човековите права.
Понатаму, регионалните системи се стремат да бидат почувствителни кон културните и верските прашања, доколку за нив постојат издржани причини.

### ЕВРОПА

Европскиот систем за човекови права има три слоеви, имено, тоа се системот на Советот на Европа (во моментот има 46 земји членки), системот на Организацијата за безбедност и соработка во Европа (55 земји членки) и системот на Европската Унија (во моментот 25 земји членки).
Европскиот систем за човекови права е најдобро разработениот регионален систем. Тој се разви како реакција на масовните кршења на човековите права за време на Втората светска војна. Човековите права, владеењето на правото и плуралистичката демократија се темелници на европскиот правен поредок.

### 1. Системот за човекови права на Советот на Европа

Главниот инструмент е **Европската конвенција за човекови права (ЕКЧП)** од 1950 година и нејзините 13 дополнителни протоколи. Посебно значење имаат протоколите бр. 6 и 13 (кои сè уште не стапиле во сила) за укинување на смртната казна, што го разликува европскиот пристап кон човековите права од оној на Соединетите Американски Држави, како и протоколот бр. 11, којшто ги замени Европската комисија за човекови права и Европскиот суд за човекови права, со еден постојан Европски суд за човекови права. ЕКЧП главно содржи граѓански и политички права.

**Европски инструменти за човековите права**

- Конвенција за заштита на човековите права и основните слободи (1950 година) и 14 дополнителни протоколи (*Convention for the Protection of Human Rights and Fundamental Freedoms*)
- Европска социјална повелба (1961 година), со ревизиите од 1991 и 1996 година и Дополнителните протоколи од 1988 и 1995 година (*European Social Charter*)
- Европска конвенција за спречување на тортура и други облици на нечовечно и понижувачко постапување (1987 година) (*European Convention for the Prevention of Torture and other Inhuman and DegradingTreatment*)

• Финален акт од Хелсинки (1975 година) (*Final Act of Helsinki*) и последователниот процес на КЕБС/ОБСЕ со Повелбата од Париз за нова Европа (1990 година) (*Charter of Paris for new Europe*)
• Европска повелба за регионални или малцински јазици (1992 година) (*European Charter for Regional or Minority Languages*)
• Рамковна конвенција за заштита на националните малцинства (1994 година) (*Framework Convention for the Protection of National Minorities*)
• Повелба за основните права на Европската Унија (2000 година) (*Charter of Fundamental Rights of the European Union*)

**Европската социјална повелба** од 1961 година се обиде да ги прошири економските и социјалните права, но таа никогаш не ја достигна важноста што ја има ЕКЧП. Од почетокот таа имаше слаб и неефикасен систем за имплементација. Сепак, паралелно со растечкото внимание кон економските и социјалните права на универзално ниво од доцните 1980-ти години, повторно започна да се посветува внимание на Европската социјална повелба, којашто беше двапати менувана и дополнувана во 1988 и во 1995 година и којашто сега, исто така, нуди можност за поднесување колективни жалби врз основа на дополнителен протокол.
Голема новина беше воведена со **Европската конвенција за спречување на тортура и други облици на нечовечно или понижувачко постапување или казнување** од 1987 година, со којашто се воспостави Европскиот комитет за спречување на тортура и други облици на нечовечно или понижувачко постапување или казнување. Комитетот испраќа делегации во сите земји членки на Конвенцијата, кои вршат редовни или специјални посети во сите места на притворање односно лишување од слобода. Имено, логиката на системот се состои во неговото превентивно дејство наспроти заштитата *ex post facto*, за којашто сè уште се грижи ЕКЧП и Европскиот суд за човекови права. Во декември 2002 година, Генералното собрание на ОН усвои дополнителен протокол кон Конвенцијата на ОН против тортурата, со којшто се предвидува сличен механизам на дејствување низ целиот свет.
**Европската рамковна конвенција за заштита на националните малцинства** (1995 година) беше изработена по самитот на Советот на Европа одржан во Виена во 1993 година, како реакција на сè поголемите проблеми со малцинските права во Европа. Овие проблеми се резултат на распадот на Советскиот Сојуз и на Социјалистичка Република Југославија и, воопшто гледано, тие се резултат на процесот на самоопределување во Европа во 1990-те години. Согласно конвенцијата, државите мора да ги заштитуваат индивидуалните права, но исто така и да обезбедат услови коишто им овозможуваат на малцинствата да ја одржуваат и развиваат сопствената култура и идентитет. Сепак, механизмот за спроведување е ограничен на систем за известување и на Советодавната комисија на експерти, којашто е задолжена за разгледување на извештаите.
Советот на Европа во 1999 година исто така востанови *„Комесар за човекови права" (Commissioner on Human Rights)* кој дава информации за своите активности во годишен извештај. Понатаму, постои **доверлив систем на набљудување** на работата на земјите членки во различни области на човековите права, што е одговорност на Советот на министри врз основа на извештаите што ги подготвува Секретаријатот.

***Европски суд за човекови права***
Основниот инструмент за заштита на човековите права во Европа е Европскиот суд за човекови права во Стразбур, чијашто задолжителна надлежност денес ја признаваат сите земји членки на Советот на Европа. Бројот на судии е еднаков со бројот на земјите членки во Советот на Европа. Во секој случај, вклучен е и таканаречен *„национален судија“*, со цел да го олесни разбирањето на националното законодавство. Сепак, штом ќе бидат именувани, судиите ја извршуваат функцијата исклучиво во лично својство.

За жалбата поднесена до Судот да биде **допуштена**, треба да се исполнат четири главни предуслови:

a. да станува збор за повреда на право заштитено со ЕКЧП и нејзините дополнителни протоколи
b. жалителот/жалителите да е/се жртва/и на повредата
c. да се исцрпени сите ефективни домашни средства
d. жалбата да се поднесе во рок од 6 месеци по исцрпување на домашните средства

Доколку жалбата се смета за допуштена, совет составен од 7 судии одлучува за меритумот на случајот. Пресудата на советот е конечна доколку се смета дека случајот нема посебна важност или не отвора нова област на надлежност, во кој случај Големиот судски совет, составен од 17 судии, ја врши функцијата на второстепена инстанца. Пресудите се правно обврзувачки и може да се досуди обесштетување. Комитетот на министри има задача да врши надзор над извршувањето на пресудите. Во моментов, главниот проблем на овој систем е огромниот број примени жалби, којшто од околу 1.000 жалби во 1989 година се зголеми на повеќе од 44.000 во 2004 година, што предизвика преоптоварување на системот.
Протоколот бр. 14 на ЕКЧП од 2004 година беше усвоен со цел да се изнајде решение за овој проблем.

## 2. Системот на човекови права на Организацијата за безбедност и соработка во Европа (ОБСЕ)

ОБСЕ, којашто ја замени Конференцијата за безбедност и соработка во Европа во 1994 година, е многу специфична организација. Таа нема ниту правна повелба, ниту меѓународен правен субјективитет, а нејзините декларации и препораки имаат само политичка природа и не се правно-обврзувачки за државите. Па сепак, честопати многу деталните списоци на обврски, усвоени на различни последователни конференции или експертски средби, чиешто исполнување го следи Советот на претставници на земјите членки, како последователните конференции кои редовно се организираат го сочинуваат прилично успешниот механизам за набљудување. *„Хелсиншкиот процес“* одигра важна улога во воспоставувањето соработка меѓу Истокот и Западот во текот на студената војна и овозможи основа за соработка во поширокиот европски регион од 55 земји.
Под изразот *„човекова димензија“*, ОБСЕ презема бројни активности на полето на човековите права и особено на малцинските права. Овие, исто така, играат значајна улога во различни теренски мисии, каков што е случајот со Босна и Херцеговина или Србија и Црна Гора, како и со Косово. За оваа цел, мисиите на ОБСЕ имаат оддел за човекови права, а офицерите за човекови права се

распоредуваат низ целата земја да ја набљудуваат и да известуваат за состојбата со човековите права, но исто така и да ги унапредуваат човековите права и да пружаат помош во одредени случаи кога се бара заштита. ОБСЕ исто така им дава поддршка на националните институции за човекови права во земјите каде што има своја мисија, како што се народните правобранители во Босна и Херцеговина или на Косово.
Развиени се специјални механизми во форма на **Високиот комесар за малцинства** и **Претставникот за слобода на медиумите** (*Слобода на изразувањето и слобода на медиумите),* коишто имаат свои канцеларии во Хаг и Виена. Високиот комесар за национални малцинства претставува инструмент за спречување судири, со мандат да се справува со етничките тензии во најраната можна фаза. ОБСЕ исто така имаше важна улога во набљудувањето на демократските избори во голем број земји во Европа, коишто се трансформираат во плуралистички демократии. Процесот на демократизација и унапредувањето на човековите права го поддржува **Канцеларијата за демократски институции и човекови права** (ОДИХР) којашто се наоѓа во Варшава. Исто така, ОБСЕ игра важна улога во разрешувањето судири и во постконфликтната обнова во Европа.

### 3. Политиките на Европската Унија во поглед на човековите права

Додека Европската економска заедница, создадена во 1957 година, првично не се занимаваше со политички прашања како што се човековите права, политичката интеграција на Европа во Европската Унија, процес што започна во 1980-тите години, овозможи човековите права и демократијата да станат клучен концепт во заедничкиот европски правен поредок. Значајна улога одигра **Европскиот суд на правдата,** којшто својата надлежност за човековите права ја изведе од *„заедничките уставни традиции на земјите членки“* и од меѓународните договори на кои тие земји членки се договорни страни, особено Европската конвенција за човекови права. Неколку човекови права беа изградени како општи принципи на т.н. комунитарно право, односно правото на заедницата, како што е правото на сопственост, слободата на здружување и вероисповед и начелото на рамноправност, коишто се од особено значење во правото на Европската заедница.
Од 1980-тите години, Европската заедница исто така разви политики за човековите права во односите со трети земји, коишто исто така се отсликуваат во таканаречените **Копенхагенски критериуми (*Copenhagen criteria*)** за признавање на новите држави во југоисточна Европа. Член 6 и 7 од Договорот за Европската Унија од 1995 година, експлицитно упатуваат на Европската конвенција од 1950 година и се очекува дека Европската Унија ќе пристапи кон таа конвенција како договорна страна.
Во 2000 година, беше свикана конвенција за изработка на **Повелбата за основните права на ЕУ (*Charter of Fundamental Rignts of the EU*),** усвоена на Самитот во Ница во 2000 година. Во моментов, оваа Повелба е најсовремениот документ за човекови права во Европа и опфаќа граѓански и политички, како и економски, социјални и културни права слични на УДЧП. Досега, таа нема правно-обврзувачки статус. Сепак, бидејќи во неа се вградени голем број обврски во поглед на човековите права, коишто исто така се дел од различни меѓународни договори, чиишто договорни страни се земјите членки на Европската Унија. Повелбата може да се разбере како толкување и појаснување на тие правно задолжителни обврски. Од 1995 година, ЕУ вклучува **клаузули за**

**човекови права** во своите билатерални договори, какви што се *„Спогодбите за стабилизација и асоцијација"*, Договорот Котону или Договорот Еуромед.

Европската Унија има развиено политики во поглед на човековите права како за своите внатрешни односи, така и за меѓународните односи, каде што тие се дел од нејзината заедничка надворешна и безбедносна политика.

**Годишниот извештај за човековите права (*Annual Report on Human Rights*),** којшто го објавува Советот на Европската Унија, општо земено, го одразува значењето на овие политики за човековите права за Европската Унија, Советот дава јавни изјави, но исто така активно дејствува и зад сцената преку *„дипломатија за човековите права"* во поединечни случаи, и заедно со Европската комисија води *„дијалог за човековите права"* со неколку земји, како што се Кина и Иран.

Европскиот парламент го презеде водството во одржувањето на човековите права на високо место на агендата на ЕУ, а исто така објавува и годишни извештаи за човековите права. На негова иницијатива е овозможена финансиска помош за проекти на НВОи во сферата на човековите права и демократијата со **Европската иницијатива за демократија и човекови права (*European Initiative for Democracy and Human Rights*),** со којашто раководи организацијата Европска помош (*Europe Aid*) од името на Европската комисија, којашто ја дефинира политичката стратегија. Посебен акцент е ставен врз борбата против тортурата и смртната казна, како и на кампањата за поддршка на Меѓународниот кривичен суд.

**Набљудувачкиот центар за расизам и ксенофобија на Европската Унија, ЕУМЦ (*European Union Monitoring Centre on Racism and Xenophobia - EUMC*),** којшто е формиран од Европската Унија со цел справување со растечкиот проблем со расизмот и ксенофобијата во Европа и основан во Виена во 1998 година, ја следи состојбата во Европа и промовира активности против расизмот и ксенофобијата. Во 2007 година, во Виена, ќе биде воспоставена Европска агенција за основни права со цел да ги набљудува човековите права опфатени со Европската повелба. Врз основа на работата на **ЕУМЦ,** оваа агенција ќе прибира податоци и на барање ќе обезбедува извештаи за состојбите со човековите права и на тој начин ќе ги поддржува политиките на Европската Унија во однос на човековите права.

Во 1998 година, во Договорот за Европската заедница беше воведен член 13, со кој Заедницата се овластува да се бори против дискриминацијата по основ на расно или етничко потекло, религија или верување, возраст, инвалидитет или сексуална ориентација. Во 2000 година, Советот ја усвои директивата 2000/43/ЕС за остварување на принципот на еднаков третман независно од расното или етничкото потекло, особено во сферата на вработувањето, пристапот до образованието и обуката и социјалните предности, којшто се однесува и на јавниот и на приватниот сектор во рамките на ЕУ.

На сличен начин, Европската Унија особено се фокусира врз **еднаквоста.** Согласно член 141од Договорот за Европската заедница, земјите членки треба да го применуваат принципот на *„еднаква платеност на мажите и жените"* и да усвојат мерки со коишто се овозможува еднаквост на можностите. Понатаму, овој принцип е доразвиен во регулативите и директивите, како што е тоа случај со новелираната директива за еднаков третман 2002/73/ЕС.

## АМЕРИКА

Интер-американскиот систем на човекови права започна со **Американската декларација за правата и должностите на човекот (*American Declaration of the Rights and Duties of Man*)**, којашто беше усвоена во 1948 година, заедно со Повелбата на Организацијата на американските држави (*OAS*). **Интер-американската комисија за човекови права, формирана** од страна на *OAS* во 1959 година и којашто се состои од 7 членови, е главниот орган на овој систем.

Во 1978 година, стапи во сила **Американската конвенција за човекови права (*American Convention on Human Rights*)**, усвоена во 1969 година, и оттогаш таа е надградена со два дополнителни протоколи, едниот за економските, социјалните и културните права, а другиот за укинување на смртната казна.

Соединетите Американски Држави не се членка на конвенцијата, и покрај тоа што седиштето на Комисијата се наоѓа во Вашингтон. Конвенцијата исто така го овозможи основањето на **Интер-американскиот суд за човекови права,** којшто беше воспоставен во 1979 година со седиште во Костарика, каде што се наоѓа и *„Интер-американскиот институт за човекови права*“.

Постојат неколку правни инструменти, со коишто им се гарантираат права на жените, но **Интер-американската конвенција за спречување, казнување и искоренување на насилството врз жените** којашто стапи во сила во 1995 година, заслужува да биде посебно спомената.

Таа досега е ратификувана од страна на 31 од 34 земји членки на *OAS*. Согласно оваа конвенција, треба да се доставуваат редовни национални извештаи до **Интерамериканската комисија за жени,** којашто е воспоставена уште во 1928 година. Исто така, постои и **Специјален известувач за правата на жените (*Special Rapporteur on the Rights of Women*)** (од 1994 година).

Поединци, групи или НВОи можат да поднесуваат жалби, наречени *„петиции“* до Интерамериканската комисија за човекови права, а исто така можат да побараат и информации за преземените мерки во поглед на човековите права. Тие не може да се обратат директно до Интер-американскиот суд, туку единствено преку Комисијата, којашто одлучува кои случаи ќе му се отстапат на Судот. На овој начин, во минатото, Судот не добиваше многу случаи, но се чини дека сега состојбата е изменета. Судот исто така, може да дава советодавни мислења во однос на толкувањето на Конвенцијата. Како и Комисијата, тој брои седум членови и работи на непостојана основа.

Комисијата може да врши и истраги на лице место и да објавува специјални извештаи за посебни прашања од интерес.

Постојат неколку НВОи коишто им пружаат помош на жртвите на повреди на човековите права за тие да поведат постапка пред Интер-американската комисија за човекови права и пред Судот.

## АФРИКА

Африканскиот систем за човекови права беше воспоставен во 1981 година, со усвојувањето од страна на тогашната ОАУ на **Африканската повелба за човекови и народни права**, којашто стапи во сила во 1986 година. Со неа се предвидува формирање на **Африканска комисија за човекови и народни права,** којашто се состои од 11 членови, а има седиште во Банџул, Гамбија. Денес, сите 53 земји членки на Африканската унија (АУ) ја ратификуваа Африканската повелба што го следи пристапот на Универзалната декларација за човекови права, обединувајќи ги сите категории човекови права во еден документ.

Нејзината преамбула упатува на *„вредностите на африканската цивилизација“*, којашто има за цел да го инспирира африканскиот концепт на човекови и народни права. Покрај индивидуалните права, таа исто така прогласи и народни права. Понатаму, во неа се јасно објаснети должностите на поединците, на пример, кон семејството и општеството, коишто во практиката, сепак, имаат мало значење.

Комисијата има широк мандат на полето на унапредувањето на човековите права, но исто така до неа може да поднесуваат жалби држави (што досега не се случило) и поединци или групи. Критериумите за допуштеност на жалбите се широки, а исто така се допуштени и соопштенија од НВОи или поединци, кои настапуваат од името на жртвите на прекршувањата. Меѓутоа, Комисијата не може да донесува правно-обврзувачки одлуки, што претставува една од причините зошто е усвоен протокол кон Повелбата за воспоставување на **Африканскиот суд за човекови и народни права,** којшто стапи во сила во 2003 година. Судот прима жалби единствено преку Комисијата, како и во Интер-американскиот систем. На Судот можат директно да му се обратат поединци, само доколку државите дадат посебна декларација во таа смисла, што до сега е исклучок. Сепак, во 2004 година, Собранието на шефовите на држави и влади решија да го спојат овој суд со Судот на Африканската унија врз основа на еден нов правен инструмент, сè додека не се преземат сите неопходни мерки за функционирање на Судот за човекови права.

Состојбата со човековите права на национално ниво треба редовно да се следи врз основа на испитувањето на **извештаите на секоја држава** од страна на Комисијата, меѓутоа овие извештаи често се нередовни и незадоволителни.

Следејќи ја практиката на ОН, Комисијата именува **специјални известувачи за следниве прашања: за вонсудски, по скратена постапка и произволни погубувања,** за **затворите** и **условите за притворање,** за правата на **жените**, за бранителите на човековите права и за слободата на изразувањето.

Комисијата исто така испраќа **мисии за утврдување на фактичката состојба, како и промотивни мисии,** организира **вонредни седници** во посебни случаи, каков што беше случајот после егзекуцијата на деветмина припадници на Движењето за опстанок на народот Огони во 1995 година и нивното неправично судење. Еден важен дел од динамиката во работата на Комисијата произлегува од **невладините организации** од Африка и подалеку, на коишто им е дозволено да учествуваат на сите јавни седници на Комисијата. Тие честопати изнесуваат случаи на прекршувања, односно повреди на човековите права и ја поддржуваат работата на Комисијата и нејзините специјални известувачи. Исто така е важно владите директно да придонесат за директна примена на Повелбата во нивните **национални правни системи.**

Ова, на пример, се постигна во случајот со Нигерија, каде што нигериските НВОи, каква што е на пример *„Проектот за уставни права“*, успешно изнесоа случаи на прекршувања на Повелбата пред нигериските судови.

По усвојувањето на Конвенцијата на ОН за правата на детето во 1989 година, беше усвоена **Африканската повелба за правата и благосостојбата на детето** во 1990 година.

Меѓутоа, таа повелба стапи во сила дури во 1999 година, а во 2005 година, беше ратификувана само од 35 држави на АУ. Повелбата предвидува воспоставување Африканска комисија на експерти за правата и благосостојбата на детето, којашто треба да се состанува најмалку еднаш годишно. Поради бавниот процес

на ратификација, останува да се види дали оваа конвенција и нејзината комисија ќе постигнат добри резултати.

**ДРУГИ РЕГИОНИ**

За исламските земји треба да се спомене „Каирската декларација за човекови права во исламот“ *(Cairo Declaration on Human Rights in Islam)* од 1990 година, којашто беше изготвена од министрите за надворешни работи на Организацијата на исламската конференција *(Organization of the Islamic Conference)*, но не беше никогаш официјално усвоена. Сите права предвидени во оваа Декларација се предмет на исламскиот шеријат.
Понатаму, арапски експерти за човекови права изготвија **Арапска повелба за човекови права (*Arab Charter on Human Rights*)**, којашто беше усвоена од страна на Советот на Лигата на арапски држави *(League of Arab States)* во 1994 година, но никогаш не влезе во сила поради недоволниот број ратификации.
Во Азија, и покрај неколкуте обиди, сè уште не е возможно да се усвои регионален инструмент за човековите права или пак да се воспостави Азиска комисија за човекови права, главно поради разновидноста во регионот. Сепак, се преземаат напори во рамките на областите на регионална интеграција како *ASEAN*, коишто конечно би можеле да доведат до основање на Азиска комисија за човекови права во иднина. На ниво на граѓанското општество, повеќе од 200 азиски НВОи, под водството на **Азискиот центар за правни ресурси (*Asian Legal Resources Centre*)** во Хонгконг, по повод 50-тата годишнина на УДЧП во 1998 година, изработија „Азиска повелба за човекови права“ (*Asian Human Rights Charter*) како „Повелба на народите“ *(People's Charter)*.
Исто така, се одвива и **Евро-азиски дијалог (*Euro-Asian Dialogue*)** меѓу Европската Унија и 10 држави на *ASEM* за човековите права, во чиишто рамки веќе се одржаа четири сесии.
Сличен **дијалог** постои и меѓу **Европската Унија и Кина**.
Како меѓурегионален договор, **Договорот за партнерство од Котону (*Cotonou Partnership Agreement*)**, склучен помеѓу 78 африкански, карипски и пацифички (ACP) држави и 15-те членки на Европската Унија во 2000 година, во член 9 (2) потсетува дека *„почитувањето на човековите права, демократските принципи и владеењето на правото [...] претставуваат основни елементи на овој договор“.*

# УНИВЕРЗАЛНА НАДЛЕЖНОСТ И ПРОБЛЕМОТ НА НЕКАЗНИВОСТ

Борбата против неказнивоста и за одговорност стана предмет на широка и глобална загриженост. Големо внимание се посветува на спречувањето на натамошно извршување кривични дела, коишто најчесто добиваат облик на сериозни прекршувања на човековите права и на хуманитарното право.
Допуштањето големите прекршители на човекови права да останат неказнети е широко распространета практика низ целиот свет. Цел е да се убедат недемократските владетели, честопати генерали, да им ја предадат власта на демократски избраните влади.
Оваа практика не смее да се меша со „амнестиите“ коишто се доделуваат за полесни дела по завршувањето на војни или промени на режими. Неказнивоста е во расчекор со принципот на одговорност, којшто сè повеќе се реализира на национално и меѓународно ниво, на пример, преку воспоставување посебни и општи меѓународни кривични трибунали и судови.
Со цел да се спречат прекршувањата на човековите права, одредени меѓународни конвенции, како што е тоа случај со Конвенцијата на ОН против тортура од 1984 година, предвидуваат обврска за **универзално кривично гонење** на сторителите на кривични дела.
Во случајот со генералот Аугусто Пиноче (*Augusto Pinochet*), поранешниот чилеански диктатор, еден шпански судија побара негова екстрадиција од Обединетото кралство на Велика Британија и Северна Ирска во 1998 година, којашто беше конечно одобрена, со впечатлива одлука на Горниот дом, но екстрадицијата не беше спроведена поради неговата лоша здравствена состојба. Принципот на универзална надлежност се применува од страна на Меѓународниот кривичен суд (МКС), како и на национално ниво.

Други форми на **утврдување одговорност** коишто неопходно не доведуваат до казнување на сторителите се *„комисиите за помирување и вистина“* (*Reconciliation and Truth Commissions),* коишто беа воспоставени во Јужна Африка и во други земји, како облик на неретрибутивна правда. Овие комисии им овозможуваат на жртвите барем да ја дознаат вистината, а на општеството да ги научи лекциите од минатото.

## МЕЃУНАРОДНИ КРИВИЧНИ СУДСКИ ИНСТАНЦИ

Согласно статутот на **Меѓународниот кривичен суд** (МКС) (*International Criminal Court - ICC*), усвоен во Рим во 1998 година, којшто стапи во сила во 2002 година, МКС е воспоставен во Хаг како постојан трибунал. Во негова надлежност спаѓаат злосторството геноцид, злосторствата против човештвото *„извршени како дел од широко распространет и систематски напад насочен кон цивилното население“*, опфаќајќи случаи на силување, сексуално ропство, принудна бременост или други тешки облици на сексуално насилство *(права на жените)*, присилно исчезнување на луѓе или слични облици на нечовечно постапување, коишто предизвикуваат големо страдање, какви што се тешки повреди на менталното или физичкото здравје, воените злосторства и, во иднина, злосторството на агресија.

**Меѓународниот кривичен суд за поранешна Југославија** (МКСПЈ) (*International Criminal Tribunal on Former Yugoslavia, ICTY*) беше формиран од страна на Советот за безбедност во 1993 година во Хаг, како *ad hoc* трибунал за справување со масовните кршења на човековите права и хуманитарното право на територијата на поранешна Југославија.

Имено, неговата надлежност опфаќа тешките повреди на Женевската конвенција од 1994 година за заштита на жртвите во вооружени судири, злосторства против човештвото, како убиства, измачувања, силувања или други нечовечни дејствија извршени во вооружен судир и геноцид. Како последица на геноцидот во Руанда во 1994 година, во Аруша, Танзанија, беше основан **Меѓународниот кривичен суд за Руанда (МКСР) (*International Criminal Trubunal for Rwanda, ICTR*).** Специјалниот суд за **Сиера Леоне** (*Special Court for Sierra Leone*) функционира од 2002 година, и соработуваше со Комисијата за вистина и помирување, којашто во меѓувреме ја заврши својата работа. Како што е тоа случај со МКСПЈ и МКСР, надлежноста на МКС е **комплементарна на надлежноста на националните судски органи.** МКС го презема случајот само доколку некоја држава не сака или не е во состојба кривично да ги гони сторителите на злосторствата. Сите трибунали се засновани врз принципот на индивидуална кривична одговорност, без оглед на службеното својство и функција на обвинетиот.

## ШКОЛИТЕ ПОДДРЖУВАЧИ НА ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА

Тоа е заедница којашто практикува и промовира човечки вредности за права во сите аспекти на училишниот живот и пошироко, а учи за:

• ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА, така што училишната заедница разбира што се и зошто тие се важни;

• ПРЕКУ човековите права, училиштето станува модел на извонредност во праксата за човекови права;

• ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА, така што сите членови на училиштето ги препознаваат нивните права и учат да ги заштитат правата на другите.

Со примена на човековите права во секојдневниот живот, се помага учениците, наставниците и пошироката заедница да се стекнуваат со продлабочено разбирање за тоа што значат овие права во пракса.

## 10 ГЛОБАЛНИ ПРИНЦИПИ НА ШКОЛИТЕ ПОДДРЖУВАЧИ НА ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА

I. *ИНКЛУЗИЈА И НЕДИСКРИМИНАЦИЈА*

1. Заедница во којашто еднаквоста, недискриминација, достоинство и почит ги поткрепуваат сите аспекти на школскиот живот;
2. Обезбедува средина каде што сите човековите права се почитуваат, се заштитени и промовирани; и
3. Ги вклучува во сите аспекти од училишниот живот.

*II. УЧЕСТВО*

4. Ги охрабрува сите членови да учествуваат во училишната заедница слободно, активно и значајно во училишниот живот, вклучувајќи обликување училишни политики и практики;

5. Обезбедува дека сите во училишната заедница имаат информации и ресурси за да можат да учествуваат целосно во училишниот живот.

*III. ОДГОВОРНОСТ*

6. Фер, одговорна и транспарентна во планирање, процеси, вклучувајќи ги донесувањето на одлуки, политики и практики;

7. Ги заштитува сите членови на училишна заедница, обезбедува сигурност и споделува одговорност.

*IV. ЗАЈАКНУВАЊЕ ПРЕКУ УЧЕЊЕ И НАСТАВА*

8. Ги интегрира човековите права во сите аспекти на наставата и наставната програма;

9. Работи за да ги поттикне сите ученици, без дискриминација и нивниот целосен потенцијал и способности преку едукација;

10. Ги оспособува учениците и персоналот да станат активни членови на глобална заедница, споделување знаење, разбирање и учење со другите и преземање акција за да се создаде свет каде што човековите права се почитуваат, се заштитени и промовирани.

**КУЛТУРА ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА**

Култура за човекови права е онаа каде што луѓето:

- имаат знаење и почитување на човековите права и основни слободи;
- имаат чувство на индивидуална самопочит и почит кон другите;
- го ценат човековото достоинство;
- манифестираат ставови и однесувања што покажуваат почитување на правата на другите;
- ја применуваат вистинска родова еднаквост во сите сфери;
- покажуваат почит, разбирање и прифаќање на културната разноликост, особено кон различните национални, етнички, религиозни, јазични и други малцинства и заедници;
- ја промовираат демократијата, социјалната правда, заедничката хармонија, солидарноста и пријателството помеѓу луѓето и нациите;
- се вклучени во унапредувањето на активностите на меѓународните институции насочени кон создавање на култура на мир, базирана врз универзалните вредности на човековите права, меѓународното разбирање, толеранцијата и ненасилството.

## КОЈА Е МОЈАТА УЛОГА КАКО ПОЕДИНЕЦ

Владите не се единствените одговорни за почитувањето на човековите права. УДЧП гласи: *„Секој поединец и секој орган на општеството... ќе се стреми преку учење и образование да промовира почитување на овие права и слободи и со прогресивни мерки, национални и меѓународни, да се обезбеди нивно универзално и ефективно признавање и почитување ".*

Ова значи дека не само владата, туку и бизнисот, граѓанското општество и поединците се одговорни за промовирање и почитување на човековите права.

Како поединци, ние имаме права, но и должност. Ова значи дека го имаме правото да бидеме третирани со достоинство и правда, но (исто така) имаме одговорност и другите да ги третираме на овој начин. Исто така, имаме одговорност како поединци да ја продолжиме борбата за човекови права.

Човековите права ќе бидат почитувани, заштитени и исполнети до степен до којшто како поединци тоа го бараме и исполнуваме. Една од најдобрите работи што можете да ги направите како поединец е:

- ***да се информирате***,
- ***да се вклучите*** и
- ***да поттикнете други*** да се заинтересираат за човековите права.

## ХЕРОИ НА ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА

| | |
|---|---|
|  | ***Eleanor Roosevelt* (1884 – 1962)**<br>Елеонора Рузвелт беше интегрална фигура во развојот на меѓународниот закон за човекови права. Додека беше прва дама на Америка, сопруга на Френклин Делано Рузвелт, активно ги поддржуваше женските права, работничките права и социјалната правда. Во 1945, таа беше избрана да ја предводи Комисијата за човекови права на Обединетите нации и беше клучен творец на Универзалната декларација за човекови права од 1948 година, којашто продолжува да биде суштината на меѓународните норми за човекови права до денес. |
|  | ***Dr. Martin Luther King, Jr.* (1929 – 1968)**<br>Силен поборник за граѓански права во САД, д-р Мартин Лутер Кинг Џуниор се бореше за расна еднаквост кога сегрегацијата беше норма во многу земји. Тој користеше ненасилни начини на борба против институционалниот расизам и исто така се залагаше за прашања на сиромаштијата и Виетнамската војна. Беше прогласен за човек на годината на *Time Magazine* во 1964 и истата година ја доби Нобеловата награда за мир. Неговиот атентат на 4 април 1968 година предизвика многумина да го почитуваат како маченик за човекови права. |
| | |

| | |
|---|---|
|  | ***Daw Aung San Suu Kyi (1945 – Present)***<br>Лидер за Националната лига за демократија (НЛД) во Бурма, Су Кји неуморно работеше за создавање на бурманска демократска нација. Таа повеќе пати беше ставана во домашен притвор поради нејзината поддршка и застапување за демократијата. Во 1991 година ја доби Нобеловата награда за мир за нејзините ненасилни акции. Иако повторно беше уапсена во 2003 година, Суу Кји продолжува да ја искажува својата „надеж дека Бурма може да има слобода за сите политички партии и сите луѓе ". |
|  | ***Nelson Mandela* (1918 –2013)**<br>Нелсон Мандела се бореше за човековите права на југот на Африка, првин како адвокат кој се стреми да ја продолжи својата пракса во Јоханесбург, а подоцна и како дел од ослободување на Африканскиот национален конгрес (АНК), движење коешто се бори против апартхејдот. Мандела беше уапсен за илегално напуштање на земјата во 1963 година и потоа помина 27 години како политички затвореник. Тој спроведе мировни преговори со владата од затвор и беше ослободен во 1990 година. Следната година тој беше избран за претседател на АНЦ и во 1993 година му беше доделена Нобеловата награда за мир. Во 1994 година заврши ерата на апартхејдот и Мандела беше избран за претседател на демократската Јужна Африка. Иако се повлече во 1999 година, неговото наследство за човекови права функционира и живее. |
|  | ***Cesar Chavez* (1927 – 1993)**<br>Цезар Чавез се бореше да ги промовира граѓанските права и социјалната правда во текот на неговиот живот. Како младо момче, Чавез почна да работи како мигрантски работник и помогна во поддршката на неговото семејство погодено од Големата депресија.<br>Сведоци на недостатокот на права на полињата, тој подоцна почна да работи како организатор на заедницата формирајќи ја Националната асоцијација на фармерски работници, којашто прерасна во Обединети земјоделски работници на Америка. Тој моделира мирни иницијативи по примерот на Ганди и д-р Мартин Лутер Кинг Џуниор држејќи брзи, ненасилни протести, бојкоти, штрајкови и аџилак. Неговиот мото „Тоа може да се направи“ (*Si se puede*) ги отелотворува неговите константи напори за еднаквост. |

## Конвенцијата на Обединетите нации за правата на детето

Секој има права. Дотолку повеќе, што како момче или девојче кое е на возраст под 18 години, ти имаш одредени посебни права. Во Конвенцијата на Обединетите нации за правата на детето од 1989 година е предвидена листа на овие права, како и чекори што владите мора да ги преземат за да се овозможи остварување на овие права.

### Твојот опстанок, твојата заштита и твојот развој

Ти имаш право на заштита на твоите интереси во сите одлуки што се однесуваат на тебе, и имаш право да не бидеш дискриминиран, на пример, поради твоето потекло, мислења, уверувања и полот.

• Ти имаш право на живот, како и право на избалансиран и здрав физички, ментален, духовен, морален и социјален развој.

• Ти имаш право на задоволување на основните потреби во поглед на исхраната, облеката, домот и здравјето.

• Ти имаш право на заштита од сите форми на експлоатација, злоупотреба, физичко и психолошко насилство, вклучително и она што се случува во семејството и во установите што се грижат за децата.

• Ти имаш право на високи стандарди на образование, со цел да се обезбеди севкупен развој на твојата личност, таленти и способности. Преку образованието, ти треба да научиш да ги почитуваш правата и слободите на другите и да се подготвиш за одговорен живот во едно слободно општество, во духот на меѓусебно разбирање, мир, толеранција, еднаквост и пријателство помеѓу сите народи.

• Ти имаш право на широк спектар на објективни информации.

• Доколку имаш ментални или физички пречки, ти имаш право да водиш достоинствен живот, така што ќе можеш да се интегрираш во општеството, ќе можеш да ја развиваш својата личност и да уживаш максимална самостојност.

• Ти имаш право на одмор, слободни активности и рекреативни, уметнички и културни активности во опкружувањето соодветно за твојата возраст и во коешто твоите права се почитуваат.

### Твојот идентитет, твојот приватен живот и твоето семејство

• Ти имаш право на име, на државјанство и на заштита на твојот идентитет. Доколку припаѓаш на одредена етничка, верска или јазична малцинска заедница, ти не можеш да бидеш лишен од правото да водиш сопствен културен живот, да ја исповедаш сопствената вера или да го користиш јазикот на групата на којашто ѝ припаѓаш.

• Ти имаш право на заштита на твојата приватност. Никој не смее незаконито да се меша во твојот приватен живот или во животот на твоето семејство. Твојот дом, твојата преписка, твојата чест и твојот углед се заштитени со закон.

• Твоите родители имаат заедничка одговорност за твоето воспитување и развој. Тие имаат право и должност да те насочат како да ги оствариш твоите права и да ги исполниш твоите обврски.

• Ти имаш право да знаеш кои се твоите родители и тие да те одгледуваат, освен во случај тоа да е спротивно на твојот интерес.

• Ти имаш право да знаеш каде се наоѓаат твоите родители, како и да влезеш во друга земја за да им се придружиш. Твоите родители имаат исто такво право спрема тебе.

• Во случај на одделување, имаш право да бидеш прашан за сите одлуки што се однесуваат на односите со твоите родители. Доколку си одделен од твоите родители, или од еден од нив, ти имаш право редовно да се гледаш со нив, освен доколку тоа е спротивно на твојот интерес.

• Посвојувањето ќе биде дозволено само доколку тоа е во твој интерес.

**Твоите слободи**

• Слобода на мислење: штом ќе станеш способен за тоа, ти имаш право да го изразиш твоето мислење за што било што те интересира и те засега. Твоето мислење мора да биде земено предвид.

• Слобода на изразување: ти имаш право да се изразуваш слободно и да бараш, примаш или да шириш информации.

• Слобода на мисла, совест и вероисповед.

• Слобода на здружување: имаш право да се здружиш со други луѓе и да учествуваш на собири. Постојат ограничувања на овие слободи. Мора да ги почитуваш правата и слободите на другите и не треба да бидеш закана за општеството или за самиот себе.

**Ти и државата**

• Државата мора да преземе сѐ што е неопходно за да можеш да ги уживаш твоите права и слободи.

• Државата мора да те заштити и да ја обезбеди твојата благосостојба. Државата мора да им помогне на твоите родители или на лицата кои се грижат за тебе, преку основање институции и служби што ќе се грижат за твоите интереси и твојата благосостојба.

• Доколку не можеш да живееш со твоето семејство, државата мора да те заштити и да ти помогне. Таа мора да најде решение што ќе води сметка за твоето минато и твојата култура, а имаш и право твојата состојба редовно да се разгледува.

• Државата мора да преземе мерки за да те заштити од опасностите што се поврзани со недозволени дроги.

• Доколку си бил жртва на насилство, државата мора да ти помогне и да помогне да се вратиш во нормален начин на живот.

• Ти имаш право на правда. Државата мора да се погрижи системот на правдата да биде прилагоден на твоите посебни права и потреби.

• Не смееш да бидеш изложен на мачење, сурово или понижувачко казнување.

• Не смееш да бидеш осуден на смртна казна или на казна доживотен затвор.

• Не смееш да бидеш незаконски уапсен. Притворот мора да биде последна опција. Притоа, притворот мора да биде што е можно пократок и да ги земе предвид твоите потреби и твојата возраст. Додека си во притвор, мора да бидеш одвоен од возрасните притворени лица и затвореници, освен во исклучителни околности кога тоа е во твој интерес, ти имаш право да одржуваш контакти со твојата фамилија.

• За време на војна, државата мора да те заштити и да се грижи за тебе. Доколку имаш помалку од 15 години, не смее да те регрутираат да служиш војска. Меѓународните конвенции се договори помеѓу државите. Со овие договори се предвидуваат правила коишто мора да се почитуваат, но со нив исто така се поттикнуваат државите да преземаат мерки што се поповолни за децата. Доколку законот на твојата држава е поповолен отколку конвенцијата, во таков случај мора да се примени националниот закон.

**Меѓународните организации и ти**

Државите основале голем број меѓународни организации. Некои од нив, како Обединетите нации и Советот на Европа, беа основани заради заштита на човековите права, спречување на судири и градење на поправедни, понапредни и демократски општества. Скоро сите меѓународни конвенции се изготвени од страна на овие организации, коишто потоа преземаат чекори за да обезбедат државите да ги почитуваат правата што се утврдени во овие конвенции. Комитетот за правата на детето ја следи примената на Конвенцијата на Обединетите нации за правата на детето. Можеш да ги погледнеш препораките на комитетот што се однесуваат на твојата земја. Децата исто така можат да поднесуваат предмети пред Европскиот суд за човекови права. На пример, Судот одлучи дека одредена држава ја повредила Конвенцијата бидејќи не ги заштитила децата од физичко казнување во затворите, во училиштето или во домот. Една друга држава беше осудена поради тоа што не се грижела за едно девојче кое патувало само.

**Што ќе се случи доколку овие права не се почитуваат?**

Остварувањето на одредени права може да се ограничи поради оправдани причини, на пример, да те заштитат од значителна опасност или да се земе предвид степенот на твојата зрелост или возраст. Некои права, како што се правото на живот, образование, здравство и заштита од насилство или

експлоатација, не можат никогаш да се ограничат, па дури ни од страна на родителите или наставниците. Доколку сметаш дека твоите права се повредени, можеш:

• да поразговараш со некому кому му веруваш, како што се твоите родители, наставници, лекари, пријатели, социјални работници или други лица кои се грижат за тебе;

• заѕвони на посебниот телефонски број за деца жртви на насилство за да поразговараш со лице кое може да те посоветува;

• оди во полиција, поднеси поплака и побарај заштита од државата;

• стапи во контакт со народниот правобранител за деца или со волонтерска организација која ги брани правата на децата;

• во одредени случаи, можеш да поднесеш жалба до Европскиот суд за човекови права.

## КАКО ДО ШАМПИОНИ ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА

Социјализацијата со човековите права започнува рано и важно е да се иницираат процесите за промена на млада возраст за да се формираат ставови и да се трансформира однесувањето. Училиштата играат голема улога во овој поглед. Создавањето позитивни општествени норми во образовните институции коишто ги ценат човековите права е важно во постигнувањето долгорочни и одржливи општествени промени. Ангажирањето со овие млади ученици е од клучно значење за да им се помогне критички да ги проценат идеите за еднаквост и нееднаквост.

Со цел да се промовира еднаквоста, загарантирана со Уставот на РМ, треба да го смениме начинот на интеракција на сите нивоа - дома, училиште, работно место и сл. За да се прошири теренот за создавање на средина којашто поттикнува еднаков третман, со овој проект започнува ангажирање на шампиони за човекови права во училиштата во Град Скопје. Шампион за човекови права може да биде секој ученик на возраст над 16 години запишан во образовните институции.

**Визија**

Шампионите за човекови права претставуваат одговорни лидери кои ќе работат на креирањето поволна средина во нивните училишта за промоција и прифаќање на човековите права и недискриминацијата каде што различностите се третираат со достоинство и почит. Тие ќе го зајакнат потенцијалот на младите луѓе да се залагаат за рамноправност и почитување на различностите.

**Цели**

Широкиот мандат на шампионите е да обезбеди интегриран и интердисциплинарен пристап кон разбирањето и прифаќањето на социјалните и културните различности. Целта е младите да бидат чувствителни на различностите и да создадат позитивни општествени норми коишто ги вреднуваат истите.

**Улоги и одговорности на шампионите за човекови права**

Одговорностите на шампионите за човекови права ќе го вклучат следното:

I. Обезбедување сеопфатно водство за врсничката група во интегрирањето/вклучувањето на прашањата за човековите права во сите активности на институцијата во форма на фокусирани групни дискусии, дебати, конкурси за постер итн.

II. Вклучување различни засегнати страни од училиштето, невладините организации и медиумите во активностите за вклучување на аспектите на човековите права во главните политики.

III. Идентификување на празнините во активностите на училиштето во однос на човековите права и давање препораки за тоа како да се решат овие празнини, на пример, да се набљудуваат училниците за да се открие пристрасност во меѓусебните интеракции кај младите.

IV. Промовирање на клуб на шампиони за човекови права во нивните образовни институции и преземање на иновативни активности, како што се креирање на веб-страница или блог за еднаквост, на пример, нераскажаните приказни за вонредни момчиња, девојки или трансродови поединци кои овозможија промена или донесување на закони, владини шеми итн.

V. Организирање програми за подигање на свеста за различни родови прашања, вклучувајќи ги и законите за влијание врз промените во однесувањето. Ова може да се олесни преку работилници, тематски базирани претстави, филмови, ликовни натпревари итн.

VI. Организирање посета на разни институции за јавни услуги на ниво на населено место, област и град (јавни здравствени центри, болници, пошти, банки, полициски станици, канцеларии), за да се олеснат знаењата за човековите права и нивното влијание на различни популации.

VII. Популаризирање меѓу учениците на телефонските броеви на услуги како што се полициска помош, телефонска линија за помош, болници и сл.

VIII. Организирање потребни информации/упатства за постоечки јавни услуги на нивните соученици.

IX Презентирање на важни владини шеми, настани, закони и судски пресуди коишто имаат големо влијание врз третманот и искуствата на различни групи.

X. Документирање на најдобрите практики за мерење на степенот на промена на однесувањето и прикажување на истата преку изложби, фестивали, годишни списанија итн.

**Критериуми за подобност**

Шампионите за човекови права треба да ги исполнат следниве критериуми за квалификуваност:

- секој ученик над 16 години;
- редовно да посетува училиште;
- одлични орални, писмени и презентациски вештини;
- да покажат лидерски квалитети;
- одлично разбирање на социо-културните прашања и преовладувачките норми и практики.

**Избор**

Учениците ќе бидат избрани од раководителот на институцијата во консултација со наставниците и претставниците на учениците, врз основа на нивната интелигенција, одлучност и чесност, што се апсолутно суштински квалитети на лидер. Одлуката за избор, исто така, ќе се базира на тоа дали кандидатот:

- се ангажира во видливи и практични иницијативи за намалување на разликите и има организациски вештини, вклучувајќи ја и способноста за управување со приоритетите;
- континуирано и суштински се ангажира во менторирањето на неговите/нејзините врсници;
- лесно е препознатлив од учениците/врсниците како поддржувач на различностите;
- има искуство во областа на човекови права и детално разбирање на клучните прашања и дебати од таа област.

**Предложен процес на селекција**

Процесот на избор на шампион е како што следува:

- Раководителот на институцијата ќе ги постави критериумите за подобност на огласната табла на училиштето.
- Поканата за пријавување за идните шампиони за човекови права ќе биде објавена најмалку еден месец пред датумот за избор.
- Апликациите ги прима Канцеларијата на раководителот на институцијата.
- Скрининг-комисијата формирана од директорот/раководителот на институцијата која во себе треба да вклучи меѓу другото, двајца ученици (едно машко, едно женско) и барем еден член треба да биде жена наставник, ги разгледува пријавите, ги оценува и подготвува списоци на подобни кандидати.
- Директорот ќе го назначи шампионот за човекови права и писмено ќе го извести за изборот на најдобар кандидат.

**Назначување на наставници ментори**

Во зависност од образовната институција, еден или повеќе наставници ќе бидат назначени да функционираат како наставници ментори за да ги олеснат активностите на шампионите за човекови права.

**Должности и одговорности на наставниците ментори**

I. Обезбедува сеопфатно водство за шампионите за различни аспекти на спроведувањето на активностите.
II. Учествува на сите состаноци организирани од страна на шампионите.
III. Мотивира и влијае на шампионите постојано да ги извршуваат своите активности.
IV. Комуницира со широк спектар на засегнати страни за да ја олесни работата на шампионите.
V. Им олеснува на шампионите да организираат програми за обука и други настани.
VI. Собира квартални извештаи за активностите на шампионите, проценка и достава до раководителот на институцијата.

**Годишен календар на активности**

Шампионите за човекови права, заедно со наставниците ментори, изготвуваат годишен календар на активности наменети за учениците од таа образовна институција. Активностите може да се планираат на месечна база.

**Мандат на шампион за човекови права**

Мандатот на шампионот првин треба да биде за период од една година и да се продолжи за 1 или повеќе години за што одлучува раководителот на институцијата. Шампионот ќе добие потврда за благодарност од раководителот на институцијата за неговите посветени напори за успешно завршување на активностите за промовирање на човековите права.

**Беџови за шампионите**

Шампиони ќе добијат беџ за да го потврдат својот идентитет, видливост и ангажман кон учениците и другите засегнати страни за да ги преземат нивните специфични активности.

**Обука**

Ова вклучува материјал и информации за родовите стереотипи, различните форми на родова дискриминација, родовата еднаквост и еднаквоста пред законодавството, животните вештини итн. Програмите за обука треба да бидат организирани од училиштата со инпути од експерти. Методот на обука да биде партиципативен и интерактивен за да им овозможи на шампионите понатаму да ги сензибилизираат учениците, врсничката група во училишта и членовите на семејството за прашања во врска со човековите права.

**Мониторинг и известување**

Училиштето ќе води евиденција за иницијативите преземени од страна на шампионите. На крајот на секое тримесечје, шампионите ќе подготват и поднесат извештај до наставниците ментори за спроведувањето на активностите. Извештајот ќе се базира на дневникот на шампионите за човекови права. Кварталниот извештај ќе биде поднесен во претходно дизајниран формат со соодветни прилози, по потреба (прилог II).

**Проценка и евалвација**

Врз основа на кварталните извештаи за напредокот, секој шампион ќе се оценува според неговиот/нејзиниот степен на остварување. Овие тримесечни извештаи ќе бидат оценети на крајот од неговиот мандат за да се измери неговата/нејзината изведба. Шампионите ќе добијат сертификат за благодарност од раководителот на институцијата за неговите посветени напори за промовирање на човековите права.

## КАКО ДА СТАНЕШ ШАМПИОН ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА

***Избери прашање за човековите права коешто те интересира.***

Кои се најголемите проблеми со коишто се соочува твојата заедница или за што ќе слушнеш во вестите? Што е најважно за тебе? Напиши дефиниција токму за она што сакаш да го решиш. Фокусирај се на едно човеково право и проблемите што ги забележуваш и остани фокусиран.

***Идентификувај ги човековите права.***

Дознај кои се човековите права поврзани со проблемот. Преземи копија од УДЧП на www.un.org/en/ и избери ги најважните човекови права за прашањето коешто ќе го следиш.

***Истражувај го проблемот.***

Биди информирани за прашањето. Читај весници, списанија и извештаи коишто дискутираат за проблемот. Повикај или напиши писма до организации и службеници за добивање информации. Собери статистика. Ако е соодветно, разгледај ја заедницата. Дознај што прави твојата влада за да го реши проблемот. Пронајди што велат вашите државни или национални закони. Дознај кој веќе презема акција за проблемот.

***Организирај се.***

Често е полесно да работиш со други луѓе за да ги постигнеш своите цели. Изгради коалиција за поддршка. Најди други организации и поединци кои се загрижени за проблемот и се согласуваат со твоите идеи и решенија. Обиди се да добиеш поддршка од што е можно повеќе различни сектори - наставници, службеници, студенти, бизниси, групи на заедницата. Колку повеќе луѓе во твојот тим, толку повеќе моќ ќе имаш да се направи разликата и напредокот.

***Рекламирај се.***

Дозволи што е можно повеќе луѓе да знаат за проблемот што го анализираш обидувајќи се да го решиш, и за предложеното решение што го нудиш. Весниците, радијата и телевизиите обично се заинтересирани за приказни за акција. Некои ТВ и радиостаници нудат бесплатно време за вредни проекти. Напишете писмо до уредникот. Колку повеќе луѓе знаат за она што го правите, толку повеќе ќе сакаат да ве поддржат.

## ПРИЛОЗИ

### Прилог 1: Самооценка за ПОЧИТУВАЊЕ НА ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА ВО МОЕТО УЧИЛИШТЕ

Овој прашалник е алатка којашто може да му помогне на вашето училиште да ја оцени состојбата со познавањето, свесноста и почитувањето на човековите права. При пополнувањето, од суштинско значење е да вклучите мислења од поголем број членови на училишната заедница (ученици, наставници, родители и др.).

### ПРАШАЛНИК

| | Не или никогаш | Ретко | Понекогаш | Често | Да или секогаш |
|---|---|---|---|---|---|
| Моето училиште е место каде што учениците се безбедни и сигурни УДЧП[1] (член 3 и 5) | | | | | |
| Никој во моето училиште не е дискриминиран по која било причина, на пример, заради нивниот пол, религија, начинот на кој се облекуваат, кои се нивните пријатели, бојата на нивната кожа, нивната каста или класа, или што прават кога тие не се на училиште (УДЧП, член 1, 2, 7 и 16) | | | | | |
| Моето училиште обезбедува еднаков пристап до човековите права, вклучувајќи ресурси и активности за секого (УДЧП, членови 2 и 7) | | | | | |
| Секој во мојата училишна заедница има еднаков пристап до информации за академски, воннаставни и кариерни можности (УДЧП, членови 2 и 19) | | | | | |

[1] Универзална декларација за човековите права на Обединетите нации

| | 1 Не или никогаш | 2 Ретко | 3 Понекогаш | 4 Често | 5 Да или секогаш |
|---|---|---|---|---|---|
| Имам слобода да ги изразам моите верувања и идеи (културни, политички, верски или други верувања) без страв од дискриминација, подбуцнување или потсмев (УДЧП, членови 18 и 19) | | | | | |
| Мојата училишна заедница ги прифаќа учениците, нивните семејства, наставници и друг персонал од различни потекла и култури (УДЧП, членови 2, 6, 13, 14 и 15) | | | | | |
| Моето училиште е демократско. Сите во моето училиште (ученици, наставници, помошен персонал и родители) имаат можност да учествува во донесувањето одлуки за нештата што ги засегаат, како што се правилата и училишните политики. Со оглед на специфичната поставеност на училиштата, природно е што не секоја засегната страна може да учествува со еднаков степен во сите одлуки (УДЧП, членови 20, 21 и 23) | | | | | |
| Кога некој погрешно се однесува, или се случува некој инцидент во моето училиште, сите вклучени се третираат праведно и на ист начин од страна на наставниците и училишните лидери за да се дознае што се случило и да се одлучи што ќе се преземе (УДЧП, членови 6, 7, 8, 9, 10 и 29) | | | | | |
| Кога некој од моето училиште ќе направи нешто што негативно влијае на правата на друго лице, ним им се помага да научат како да го променат своето однесување (УДЧП, член 29) | | | | | |

| | Не или никогаш | Ретко | Понекогаш | Често | Да или секогаш |
|---|---|---|---|---|---|
| Кога се случуваат конфликти (несогласувања или тепачки) во моето училиште, ние се обидуваме да ги решиме преку ненасилни начини и соработка (УДЧП, членови 3, 5 и 28) | | | | | |
| Кога некој е обвинет дека прави нешто погрешно во моето училиште, се претпоставува дека се невини сѐ додека не се докаже дека се виновни (УДЧП, член 11) | | | | | |
| Никој во моето училиште не се третира или казнува на начин кој е деградирачки или суров (УДЧП, член 5) | | | | | |
| Ако има поплака за малтретирање или дискриминација во моето училиште, постојат политики и процедури за спречување на истото (УДЧП, членови 6, 7, 8 и 10) | | | | | |
| Членовите на моето училиште можат да подготвуваат и да циркулираат билтени и други публикации без страв од цензура или казна (УДЧП, членови 19 и 27) | | | | | |
| Сите во моето училиште се охрабруваат да научат за глобалните проблеми поврзани со правдата, животната средина, сиромаштијата и мирот (УДЧП, Преамбула и членови 25, 26 и 29) | | | | | |
| Во моето училиште имаме можности да слушнеме, читаме и учиме за животот, ставовите и идеите на други луѓе; различни мислења се застапени во нашата наставна програма, нашите учебници, нашата библиотека и нашите јавни простори (УДЧП, членови 2, 19, 26 и 27) | | | | | |

| | 1 Не или никогаш  | 2 Ретко  | 3 Понекогаш  | 4 Често  | 5 Да или секогаш  |
|---|---|---|---|---|---|
| Луѓето кои работат во моето училиште се платени доволно добро за да имаат соодветен стандард на живеење за себе и за своите семејства и добиваат стандардни слободни денови и надоместок за годишен одмор (УДЧП, членови 4, 22, 23, 24 и 25) | | | | | |
| Во моето училиште се почитува личниот простор и личните предмети на секој човек (УДЧП, членови 12 и 17) | | | | | |
| Во моето училиште преземам одговорност да обезбедам дека другите луѓе не прават дискриминација против другите и дека тие се однесуваат на начин кој ја штити безбедноста и благосостојбата на целата училишна заедница (УДЧП, членови 1 и 29) | | | | | |
| Во моето училиште сум убеден дека никој не може да ми ги одземе моите права (УДЧП, член 30) | | | | | |

ВКУПНО БОДОВИ: ________________________________________

## Прилог 2: УНИВЕРЗАЛНА ДЕКЛАРАЦИЈА ЗА ПРАВАТА НА ЧОВЕКОТ

Усвоена и прокламирана од Генералното Собрание на ОН со резолуција 217А (III) на 10 декември 1948 година

Преамбула

Бидејќи признавањето на вроденото достоинство и еднаквите и неотуѓиви права на сите членови на човековото семејство е темел на слободата, правдата и мирот во светот;

Бидејќи непочитувањето и презирањето на правата на човекот водело кон варварски постапки коишто ја навредувале совеста на човештвото, и бидејќи создавањето на свет во којшто човечките суштества ќе уживаат слобода на говор и вероисповед и ќе бидат слободни од страв и немаштина е прогласено за највисок идеал на секој човек;

Бидејќи е важно правата на човекот да бидат заштитени со правниот систем за да не биде човекот натеран да се побудни против тиранијата и угнетувањето;

Бидејќи е важно да се поттикнува развојот на пријателските односи меѓу народите;

Бидејќи народите на Обединетите нации во Повелбата повторно ја потврдија својата вера во основните права на човекот, во достоинството и вредноста на човековата личност и рамноправноста на мажот и жената и бидејќи решија да го поттикнат општествениот напредок и да ги подобрат условите на живот во поголема слобода;

Бидејќи државите членки се обврзале во соработка со Обединетите нации да го обезбедат општото почитување и примена на човековите права и основни слободи;

Бидејќи општото разбирање на овие права и слободи е од најголема важност за полно остварување на оваа обврска;

Генералното собрание, ја прогласува оваа Универзална декларација за правата на човекот како заеднички стандард кој треба да го постигнат сите народи и сите нации со што секој поединец и секој орган на општеството, имајќи ја постојано предвид оваа Декларација, би тежнеел низ учењето и воспитувањето да придонесе за почитување на овие права и слободи и со постапни национални и меѓународни мерки да биде обезбедено нивното општо и вистинско признавање и почитување како меѓу народите на самите држави членки, така и меѓу народите на оние територии под нивна јурисдикција.

Член 1
Сите човечки суштества се раѓаат слободни и еднакви во достоинството и правата. Тие се надарени со разум и совест и едни кон други треба да постапуваат во духот на братството.

Член 2
Сите права и слободи прогласени во оваа Декларација му припаѓаат на секое лице без разлика во поглед на расата, бојата на кожата, полот, јазикот, вероисповедта, политичкото или друго мислење, националното и општественото потекло, имотната состојба, раѓањето или било кои други услови. Понатаму, нема да се прави никаква разлика на основа на политичкиот, правниот или меѓународниот статус на земјата или теоријата на која и припаѓа некое лице, било да е независна, под старателство, несамоуправна или да се наоѓа под кои било други ограничувања на суверeноста.

Член 3
Секој има право на живот, слобода и безбедност на личноста.

Член 4
Никој не смее да биде држан во ропство или потчинетост: ропството и трговијата со робови во сите форми се забранети.

Член 5
Никој не смее да биде подложен на мачење или на свирепа, нечовечна или понижувачка постапка или казна.

Член 6
Секој има право секаде да биде признат како правен субјект пред законот.

Член 7
Сите се еднакви пред законот и имаат право, без каква било дискриминација, на еднаква заштита на законот. На сите им припаѓа еднаква заштита од каква и да е дискриминација, што е во спротивност на оваа Декларација и од какво и да е поттикнување на таква дискриминација.

Член 8
Секој има право националните судови ефикасно да го заштитат од кршење на основните права кои му се признати со уставот и законите.

Член 9
Никој не смее да биде произволно уапсен, притворен, ниту протеран.

Член 10
Секој има потполно еднакво право на праведно и јавно судење пред независен и непристрасен суд кој ќе одлучи за неговите права и обврски и за основаноста на секое кривично обвинение против него.

Член 11
1. Секој обвинет за кривично дело има право да се смета за невин сѐ додека врз основа на законот, вината не се докаже на јавен претрес на кој му се обезбедени сите гаранции потребни за негова одбрана.
2. Никој не смее да се смета за виновен за кое и да е кривично дело поради дејство или пропуст кои не претставуваат кривично дело по националното или

меѓународното право во времето кога се извршени. Исто така не смее да се изрече потешка казна од онаа која се применувала во времето кога е извршено кривичното дело.

Член 12
Никој не смее да биде изложен на произволно мешање во приватниот живот, семејството, станот или преписката, ниту на напади врз честа и угледот. Секој има право на заштита од законот против вакво мешање или напад.

Член 13
1. Секој има право на слобода на движење и избор на престојувалиште во границите на одделна држава
2. Секој има право да напушти која и да е земја, вклучувајќи ја и својата, како и да се врати во својата земја.

Член 14
1. Секој прогонет има право да бара и да ужива азил во други земји.
2. На ова право никој не може да се повика во случај прогонот да е заснован врз кривично дело од неполитичка природа или постапка спротивна на целите и начелата на Обединетите нации.

Член 15
1. Секој има право на државјанство.
2. Никој не смее самоволно да биде лишен од своето државјанство ниту од правото да го промени државјанството.

Член 16
1. Полнолетните мажи и жени без какви било ограничувања во поглед на расата, државјанството или вероисповедта, имаат право да склучат брак и да засноваат семејство. Тие се рамноправни при склучувањето на бракот за време на неговото траење и при неговиот развод.
2. Бракот може да се заклучи со слободна и потполна согласност на лицата кои стапуваат во брак
3. Семејството е природна и основна клетка на општеството и има право на заштита од општеството и државата.

Член 17
1. Секој има право да поседува имот, сам, а и во заедница со други.
2. Никој не смее да биде произволно лишен од својот имот.

Член 18
Секој има право на слобода на мислата, совеста и вероисповедта; ова право ја вклучува и слободата за промена на вероисповедта или убедувањето и слободата човекот сам или во заедница со другите, јавни или приватно да ја манифестира својата вера или убедување по пат на настава, исповедување на верата и вршење обреди.

Член 19
Секој има право на слобода на мислење и изразување, што го опфаќа и правото да не биде вознемируван за своето мислење, како и правото да бара, прима и шири информации и идеи со било кои средства и без оглед на границите.

Член 20
1.Секој има право на слобода на мирно собирање и здружување.
2.Никој не може да биде принуден да припаѓа на некое здружение.

Член 21
1. Секој има право да учествува во управувањето со јавните работи на својата земја, непосредно или преку слободно избрани претставници.
2. Секој има право на рамноправна основа да стапува во јавна служба во својата земја.
3. Волјата на народот е основа на државната власт; оваа волја треба да се изразува на повремени и слободни избори кои ќе се спроведуваат со општо и еднакво право на глас, со тајно гласање или со соодветна постапка која ја обезбедува слободата на гласањето.

Член 22
Секој, како член на општеството, има право на социјално осигурување и право да остварува стопански, општествени и културни права нужни за своето достоинство и за слободен развој на својата личност, со помош на државата и меѓународната соработка, а во согласност со организацијата и средствата на секоја држава.

Член 23
1. Секој има право на работа, на слободен избор при вработување, на праведни и задоволителни услови за работа и на заштита од невработеност.
2. Секој, без разлика, има право на еднаква плата за еднаков труд.
3. Секој кој работи има право на праведен и задоволувачки надомест којшто нему и на неговото семејство му обезбедува егзистенција, којшто им одговара на човековото достоинство и којшто, доколку биде потребно, ќе биде надополнет со други средства од социјалната заштита. 4.Секој има право да образува и да стапува во синдикат за заштита на своите интереси.

Член 24
Секој има право на одмор и разонода, вклучувајќи го и разумното ограничување на работното време и повремените платени одмори.

Член 25
1. Секој има право на животен стандард кој му обезбедува здравје и благосостојба, нему и на неговото семејство, вклучувајќи ја исхраната, облеката, станот, и лекарската нега и потребната социјална служба, како и правото на осигурување во случај на невработеност, болест, немоќ, вдовство, старост или други случаи на губење на средства за издржување поради околности независни од неговата волја.
2. Мајките и децата имаат право на посебна нега и помош. Сите деца родени во брак или надвор од него, уживаат еднаква социјална заштита.

Член 26
1. Секој има право на образование. Образованието треба да биде бесплатно, барем во основните и нижите школи. Основното образование е задолжително. Техничкото и стручното образование треба да им бидат достапни на сите подеднакво врз основа на нивната способност, а пристапот кон високото образование ќе биде достапен за сите врз основа на заслужените оценки.
2. Образованието треба да биде насочено кон полн развој на човековата личност и зацврстување на почитта за човековите права и основни слободи. Тоа треба да го унапредува разбирањето, трпеливоста и пријателството меѓу сите народи, расни и верски групации, како и дејноста на Обединетите нации за одржување на мирот.
3. Родителите имаат првенствено право да го изберат видот на образованието за своите деца.

Член 27
1. Секој има право слободно да учествува во културниот живот на заедницата, да ужива во уметноста и да учествува во научниот напредок и во користа што од таму произлегува.
2. Секој има право на заштита на моралните и материјалните интереси кои произлегуваат од секое научно, книжевно или уметничко дело чиј творец е тој.

Член 28
Секој има право на општествен и меѓународен поредок во кој правата и слободите објавени во оваа Декларација можат да бидат остварени во целост.

Член 29
1. Секој има обврски кон заедницата која единствено овозможува слободно и целосно развивање на неговата личност.
2. Во вршењето на своите права и слободи секој може да биде подложен само на оние ограничувања кои се предвидени со закон со цел обезбедување нужно признание и почитување на правата и слободите на други и со цел задоволување на праведни барања на моралот, јавниот поредок и општата благосостојба во демократското општество.
3. Овие права и слободи во никој случај не можат да се остваруваат спротивно на целите и начелата на Обединетите нации.

Член 30
Ниту една одредба од оваа Декларација не може да се толкува како право за која било држава, група или лице да врши која било дејност или да врши каква било работа насочена кон рушење на правата и слободите што се содржани во неа.

**Прилог 3: Разбирање на човековите права - шема**



## Користена литература


1. Европски центар за обука и истражување на човековите права и демократијата (ЕТЦ) во Грац http://www. manual.etc-graz. at. РАЗБИРАЊЕ НА ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА
2. Advocates for Human Rights, Human Rights Toolkit ISBN: 0-929293-68-1, 2009
3. Јован Ананиев... [и др.]. ЧОВЕКОВИ права / ЧОВЕКОВИ права / - Скопје: ОБСЕ, 2018. - 302 стр.; 24 см, ISBN 978-608-4788-31-7
4. Council of Europe, Directorate of Youth and Sport, Compasito, Manual on human rights education for children,November 2007 2nd edition, January 2009, ISBN: 978-92-871-6369-1
5. Almondm,A.G.Verba,S.2000.Civilna kultura.Zagreb:Politička kultura NIZ
6. Атанасов, П. 2003. Мултикултурализмот како теорија, политика и пракса. Скопје: Евро Балкан Прес
7. Бенедек, В. (уредник). 2006. Разбирање на човековите права:Прирачник за едукација од областа на човековите права. Скопје:Македонски информативен центар и Директорат за јавна дипломатија при Министерство за надворешни работи на Република Македонија
8. Giddens, A. 2007. Sociologija. Zagreb:Nakladni Zavod Globus
9. Glazer, N. 1997.We Are All Multiculturalists Now.Cambridge:Harvard University Press
10. Голоб, Р. и Крафт, П. 2010. Растење во демократија. Совет на Европа
11. Група автори, 2019. Граѓанско образование (водич за ученици).Скопје: Македонски центар за граѓанско образование
12. Džouns, S. (urednik)2001.Virtuelna kultura. Beograd: XX vek
13. Европски суд за човекови права. Совет на Европа. 1950. Европска конвенција за заштита на човековите права. Европски суд за човекови права. Совет на Европа. (http//www.echr.coe.int/Documents/Convention_MKD.pdf)
14. Климовски, С.Каракамишева, Т. Дескоска,Р. Политички систем. Скопје: Академски печат
15. Лукић, Р. 1982. Социологија морала. Београд:Научна књига
16. Nie, N.Junn,J.Stehlic-Berry,K.1997.Education and Democratic.Chicago:University of Chicago Press
17. Организација на обединети нации (ООН).1948. Универзална декларација за човекови права. (http//un.org/en/universal-declaration-human-rights/)
18. Павичевич, В.1974. Основи етике.Београд: БИГЗ
19. Равич,Д. Витерити,Џ.П. 2012. Создавање на добри граѓани (образованието и граѓанското општество). Скопје:АРС Ламина
20. Реџепи, З. 2011.Обединета Европа од идеа до реализација.Тетово:АРС
21. Стејс, В.1991. Судбината на западниот човек. Скопје:Култура
22. Temkov, K. 2003. Etika za mlade. Niš:Bajka
23. Фрчковски.Љ.Д. Георгиевски, С. Петрушевска. Т. 2012. Меѓународно јавно право. Скопје:Магор
24. Haralambos, M. Holborn, M. 2002. Sociološke teme I perspective. Zagreb:Golden Marketing
25. Castells, M. 2002.Moč identiteta. Zagreb:Golden marketing
26. Hejvud, E.2002. Politika. Beogras:Clio